

# Стратегиски План за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030)

Јануари, 2024 година

Влада на Република Северна Македонија

Влада на Република Албанија

# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ОХРИДСКИОТ РЕГИОН (2023-2030)

**Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (2023-2030)** содржи критични прашања, акциски план, надлежности за спроведување на мерките, очекувани резултати и показатели на успех (индикатори) кои се идентификувани како резултат на темелна анализа на актуелните состојби во заштитата и управувањето со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, постоечката стручна литература, национална и меѓународна легислатива, плански документи, стратегии, прирачници, како и низа на консултативни состаноци со сите засегнати чинители, спроведени во текот на 2021 и 2022 година.

Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион е изработен од заеднички прекуграничен експертски тим составен од експертска Работна група формирана со Решение на Владата на Република Северна Македонија, бр. 40-11368/1 од 09.11.2021 година, во состав:

- **м-р Зоран Павлов -** Претседател на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион
- **д-р Емилија Апостолова Чаловска -** Член на Стручниот тим за поддршка на Министерството за култура на Р. Северна Македонија во реализацијата на заштитни активности за светското природно и културно наследство на Охридскиот регион
- **м-р Ана Алексова Тутковска -** Помлад соработник за меѓународна помош и соработка, УЗКН
- **м-р Весна Илиевска -** Државен советник за правни прашања, МК
- **Христијан Ѓоргиевски -** Член на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион
- **Неби Реџепи -** Раководител на Сектор за просторно планирање, МЖСПП
- **Љупка Димовска Зајков -** Помошник раководител на Сектор за води, МЖСПП
- **м-р Фросина Антоновска -** Раковидител на одделение за усогласување на правото и преговорите, Сектор за ЕУ во МЖСПП
- **м-р Мартина Блинкова Дончевска -** Биолог и експерт за ОВЖС

и Меѓуинституционален експертски тим од Република Албанија кој го сочинуваат следните членови:

- **Kozeta Angjeliu** - Директор, поранешно Министерство за култура
- **Klodiana Marika** - Директор, Министерство за туризам и заштита на животната средина
- **Paskalino Ziko** - Заменик градоначалник, Општина Поградец
- **Klesta Qirici -** Генерален директор, Национален Институт за културно наследство
- **Rudina Papavasili -** Директор на споменици, Национален Институт за културно наследство
- **Edvis Koki** - Поранешен директор, Регионален Директорат за културно наследство, Корча
- **Andi Kosta** - Советник, Општина Поградец
- **Sonila Kora** - Раководител на оддел, Министерство за економија, култура и иновации
- **Iva Bezhani** - Поранешен раководител на сектор, Национален Институт за културно наследство
- **Amanda Cici** - Директор, Регионален Директорат за културно наследство, Корча
- **Arnold Shaho** - Експерт, Регионална Управа за заштитени подрачја, Корча

Изготвувачите на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион изразуваат огромна благодарност на претставниците на државните институции, ресорните министерства, единиците на локалната самоуправа, научните и други јавни установи, музеи и институции од областа на заштитата, како и сите други заинтересирани чинители, граѓански здруженија и поединци за нивниот значаен придонес во изработката на овој документ.

# Содржина

**01** Вовед 8
**02** Потреба од изработка на Стратегиски план за рехабилитација 10
**03** Методологија 11
**04** Фактори со негативно влијание врз Исклучителната универзална вредност, интегритетот и автентичноста на доброто 15
**05** Цели на планот 18
**06** Процес на изработка на Стратегискиот план 21
**07** Консултативен процес 25
**08** Мониторинг и имплементација 28
**09** Управување со ризици 31
**10** Заклучоци 35
**11** Табела со мерки за рехабилитација (Акциски план) 36
**12** Користена литература 103

# Кратенки

**<u>За Република Северна Македонија:</u>**
ОО - Општина Охрид
ОС - Општина Струга
ОД - Општина Дебрца
ИУВ - Исклучителна универзална вредност
Комисија за управување - Комисија за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион
ПУ - План за управување
РММ - Реактивна мониторинг мисија
АПП - Агенција за просторно планирање
АКН - Агенција за катастар на недвижности
ЈЗПР - Југозападен Плански Регион
ЈПДП - Јавно претпријатие за државни патишта
ЈПМЖ - Јавно претпријатие Македонски железници
НЕР - Национални енергетски ресурси
МЕПСО - Македонски електропреносен систем оператор А.Д.
ЕСМ - Електрани на Северна Македонија
ГА-МА - Систем за пренос на природен гас
МК-РСМ - Министерство за култура
МЖСПП - Министерство за животна средина и просторно планирање
МТВ - Министерство за транспорт и врски
МОН - Министерство за образование и наука
МНР - Министерство за надворешни работи
МФ - Министерство за финансии
МИОА - Министерство за информатичко општество и администрација
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
ДИЖС - Државен инспекторат за животна средина
ЗЗСКМ-Охрид - НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид
ЈПКС - ЈП Колекторски систем
Музеј-Струга – НУ Музеј, „д-р.Никола Незлобински “- Струга
УЗКН - Управа за заштита на културното наследство
ЈУНПГ - Јавна Установа Национален Парк Галичица
ХБЗ - ЈНУ Хидробиолошки Институт
УХМР - Управа за хидрометеоролошки работи
БРО - Биро за развој на образованието
ИЈЗ - Институт за јавно здравје
АППТ - Агенција за промоција и поддршка на туризмот
ИКРОМ - Меѓународен центар за изучување на заштитата и реставрацијата на културното наследство
ИКОМОС - Меѓународен совет за споменици и локалитети
ИУЦН - Меѓународна унија за заштита на природата
НВО - Невладини организации
ЕЛС - Единици на локална самоуправа
ГС - Генерален секретаријат
ЗПСГЈО - Закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење
ЗЗКН - Закон за заштита на културното наследство
ГУП - Генерален урбанистички план
ДУП - Детален урбанистички план
УП - Урбанистички проект
УЗ - Урбана заедница
УБ - Урбан блок
ОВН - Оцена на влијание врз наследството
ОВКН - Оцена на влијанието врз културното наследство
СОВЖС - Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина
ОВЖС - Оцена на влијанието врз животната средина
ЈП СП Охридско Езеро - Јавно претпријатие Споменик на природата Охридско Езеро
РКЕ - Регулаторна комисија за енергетика

**<u>За Република Албанија:</u>**

МТЗЖС – Министерство за туризам и заштита на животната средина
МЕКИ – Министерство за економија, култура и иновации
ПК – Префектура Корча
ОП – Општина Поградец
НИКН – Национален Институт за културно наследство
НАПА – Национална Агенција за заштитени подрачја
РАПА – Регионална Управа за заштитени подрачја, Корча
РДКН – Регионален Директорат за културно наследство, Корча
ЗПП – Заштитен предел Поградец
ААФР – Албанско-американска Фондација за развој
НАТП – Национална Агенција за територијално планирање
АТР – Агенција за територијален развој
АУП – Албанска Управа за патишта
АНА – Академија на науките на Албанија
ДАК - Државна Агенција за катастар, Корча

# **01** Вовед

Исклучителните универзални вредности (ИУВ) на природното и културното наследство на Охридскиот регион се препознаени пред речиси едно столетие, не само од страна на научната јавност, туку и од националните институции од областа на заштитата на природното и културното наследство на тогашната С.Р. Македонија, во рамки на С.Ф.Р. Југославија. Така, во повоениот период започнува процес на правна заштита на регионот, односно негови поединечни делови:

- Националниот парк Галичица (ИУЦН категорија II), е прогласен во 1958 година. Опфаќа територија од вкупно 24,151 ha, од кои 72 % (односно 17,385 ha) се вклучени во доброто подоцна прогласено за светско наследство.

- Старото градско јадро на Охрид е прогласено за споменичка целина во 1968 година (Решение бр. 07-57/1 од 28.3.1968 година). Во 2011 година е прогласено за културно наследство од особено значење, заштитено со посебен закон (Закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, Сл. весник на РМ бр. 47/11 и 154/15).

- Охридско Езеро во 1977 година е прогласено за Споменик на природата (ИУЦН категорија III) со Законот за заштита на Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро. Споменикот на природата ја опфаќа целокупната територија на езерото која припаѓа на Република Северна Македонија (~200 $km^2$).

Охридскиот регион е заштитен како природно и културно-историско подрачје во 1978 година (Решение бр. 03-461 од 08.12.1978 година).

По овие низа правни документи за заштита на регионот на национално ниво, следува неговото впишување на Листата на светско наследство, меѓу првите добра по усвојувањето на Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство од 1972 година (Париз, 1972).

Охридскиот регион во 1979 година е впишан на Листата на светско наследство заради своите природни вредности (според критериумот (iii), односно сега критериум (vii)). Истата година, во препораките од евалуацијата спроведена од страна на Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) е укажано дека впишувањето на Листата на светско наследство треба да се темели и на културните вредности на доброто. Затоа, во 1980 година е извршено проширување на номинациското досие со дополнување на критериумите за културни вредности (i), (iii) и (iv) и доброто е впишано под името „Охридски регион со неговите културни и историски аспекти и неговата природна средина“.

Во 2006 година, извршена е промена на именувањето на доброто во „Природно и културно наследство на Охридскиот регион“ (30 COM 8B.9, Вилнус, Литванија), додека во 2009 година е извршена мала модификација на неговите граници на македонскиот дел од доброто (33 COM 8B.40, Севилја, Шпанија).

Во 2018 година, Република Албанија поднесе номинација за проширување на „Природното и културно наследство на Охридскиот регион“, со вклучување на албанскиот дел од Охридското Езеро, што беше одобрено од Комитетот за светско наследство на неговата 43-та седница (43 COM 8B.9, Баку, Азербеџан, 2019 година). Денес, вкупната површина на заштитеното добро изнесува 94,728.6 ha, со контактна зона лоцирана на албанската страна од 15,944.4 ha.

Исклучителната универзална вредност на Охридскиот регион е резултат на милениумската интеракција помеѓу неговите природни особености и човековите дејности. Охридскиот регион (пред сè Охридското Езеро и Националниот парк Галичица) е препознаен како едно од најважните подрачја или т.н. „жариште“ на биолошката разновидност во земјата и пошироко. Тоа е потврдено и со бројните меѓународни номинации, како на пример: „Емералд подрачје“, „Рамсарско подрачје“, „Значајно растително подрачје“, „Значајно подрачје за птици“, „Примарно подрачје за пеперутки“, а потенцијално и „НАТУРА 2000 подрачје“. Спојот меѓу извонредните природни феномени (извонредно богатство на биодиверзитет, висок индекс на ендемизам со над 200 евидентирани ендемски видови, присуство на мноштво ретки, архаични и реликтни видови на флора и фауна и т.н.) со богатото материјално и нематеријално културно наследство напластувано со милениуми, и неговите бројни атрибути, го прави овој регион уникатен.

Покрај прогласувањето за светско наследство, поединечни подрачја во рамките на Охридскиот регион дополнително се и под национална и меѓународна заштита, а дел се и добра кои се во процес на (ре)прогласување:

- Охридскиот регион е дел од Прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа (Р. Албанија-Р. Северна Македонија), прогласен од страна на УНЕСКО во 2014 година;
- Во рамки на доброто се наоѓа и Рамсарскиот локалитет Охридско Езеро и Студенчишко блато (досие бр. 2449), прогласен во 2021 година, со територија од 25,205 ha;
- Во постапка на репрогласување се наоѓа Споменикот на природата Охридското Езеро (ИУЦН категорија III);
- Во постапка на прогласување се наоѓа и Паркот на природата Студенчишко блато (ИУЦН категорија IV).

# **02** Потреба од изработка на Стратегиски план за рехабилитација

Заедничките реактивни мониторинг мисии на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и неговите советодавни тела: Меѓународниот совет за споменици и локалитети (ИКОМОС) и Меѓународната унија за заштита на природата (ИУЦН) реализирани во 2017 и 2020 година во светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, констатираа дека општата состојба со заштитата на доброто е под влијание на бројни закани кои претставуваат опасност за автентичноста и интегритетот на доброто, односно неговата ИУВ, во согласност со алинеите 179 и 180 од Оперативниот водич за имплементација на Конвенцијата за светско наследство (WHC.21/01). Следствено, Центарот за светско наследство ја оцени состојбата со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион како ранлива поради неколку клучни фактори: неконтролирана урбанизација и инфраструктурно планирање, масовен туризам, како и несоодветна конзервација и заштита на културното и природното наследство, кои резултирале со бројни негативни последици врз неговите атрибути, ИУВ и врз животот на локалните заедници.

Поради бројните закани, предизвици и недостатоци со кои изминатите години се соочува управувачката структура за заштита на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, Комитетот за светско наследство на својата 44-та сесија одржана во Фужу, Кина (2021 година) донесе Одлука (44 COM 7B.77) според која земјите-членки Република Северна Македонија и Република Албанија треба да изготват *Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион*, кој ќе содржи акциски план со мерки за имплементација во даден временски рок, а кои целосно ќе се темелат и врз препораките од Реактивните мониторинг мисии на УНЕСКО од 2017 и 2020 година.

Стратегискиот план беше разгледан од страна на Советодавните тела на УНЕСКО и Комитетот за светско наследство на неговата 46-та сесија во 2023 година, а ревидираната верзија ќе биде разгледана од страна на Комитетот за светско наследство на неговата 47 сесија во 2024 година.

# **03** Методологија

Двете земји-членки (Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Албанија) преку нивните државни институции, соодветно, формираа експертска Работна група и Меѓуинституционален експертски тим составен од експерти за културно и природно наследство, кои го изготвија стратегискиот документ во дадениот рок. Документот содржи мерки за рехабилитација и упатства за активности за сите засегнати страни кои директно или индиректно се вклучени во заштитата и/или управувањето со доброто. Со имплементација на мерките содржани во Стратегискиот план ќе се спречи понатамошна деградација на неговите вредности и атрибути, доброто ќе се доведе до посакувана состојба на заштита и ќе се обезбеди ефикасно градење на интегриран пристап во зачувувањето на неговата ИУВ.

Изработката на Стратегискиот план за рехабилитација на Охридскиот регион (2023-2030) е исклучително сложен процес како од аспект на комплексноста на самото добро, неговата значителна површина, прекуграничниот контекст и двојната природа на неговите атрибути, така и од аспект на мноштвото познати (идентификувани) и непознати (недоволно идентификувани) закани и опасности со кои доброто се соочува подолг временски период и кои несомнено придонеле до актуелниот степен на ранливост на доброто.

Постојат бројни национални и меѓународни стратегиски и плански документи, во кои се адресирани различните аспекти на заштитата на природното и културното наследство, но во земјите-членки (Р. Северна Македонија и Р. Албанија) не постои заеднички или сличен документ и затоа Планот за рехабилитација на добро прогласено за светско наследство е единствен од овој вид.

Од тие причини, методолошкиот пристап во изработката на овој документ се темелеше пред сè на претходни искуства со заштитени добра од аспект на Управување со ризици од катастрофи (Disaster Risk Management), Проценка на потребите после катастрофа (Post Disaster Needs Assessment), како и упатствата на Центарот за светско наследство на УНЕСКО во однос на достигнување на Посакуваната состојба на заштита на добрата со цел нивно отстранување од Листата на светско наследство во опасност (Desired State of Conservation for the Removal of a Property from the List of World Heritage in Danger).

Во таа насока, изработката на овој Стратегиски документ се базираше на три клучни постапки:

① Идентификација на заканите по состојбата на сочуваност на доброто (фактори со негативно влијание врз Исклучителната универзална вредност, интегритетот и автентичноста на доброто);

② Идентификација на стратегиските цели чие исполнување ќе придонесе кон

рехабилитација на доброто, односно кон воспоставување на посакуваната сосотојба на заштита;

③ Идентификација на мерки и активности за отстранување на заканите, односно реализација на зацртаните стратегиски цели (Акциски План).

Овие три основни начела беа надополнети со неопходните чекори (кои се детално претставени во следната илустрација (**слика 1**)), врз основа на кои се базира концептот на Акцискиот План (Табела со мерки за рехабилитација), даден во поглавје 10 од Стратегискиот План.




***Слика 1.*** *Методолошки постапки во изработката на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.*

Како појдовна основа за дефинирањето на главните категории на закани (фактори со негативно влијание) по ИУВ од кои директно произлегуваат стратегиските цели утврдени во Планот, беа темелно анализирани сите досегашни одлуки на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО кои се однесуваат на Охридскиот регион (од 1998 до 2021 година), сите извештаи од Реактивните мониторинг и советодавни мисии на

Центарот за светско наследство и неговите советодавни тела ИКОМОС и ИУЦН реализирани во Р. Северна Македонија (во 2012, 2013, 2017, 2019) и заедничка мисија во Р. Северна Македонија и Р. Албанија (2020 година), сите извештаи за состојбата на доброто поднесени од земјите-членки (SOC извештаи), како и актуелните закани кои се евидентни на терен, а не се адресирани во постоечките документи.

Седумгодишниот стратегиски план е изработен во согласност со мерките кои се содржани во Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029 година)-за Р. Северна Македонија, Додаток за светското наследство кон Планот за управување со заштитениот предел на Поградец 2017-2027 година – за Р. Албанија, како и со останатите плански документи кои се релевантни за Охридскиот регион, национални стратегиски документи, студии, анализи и извештаи, наведени во поглавјето за консултираните извори и литература (поглавје 11). При изработката на Стратегискиот план се земени предвид и експертските анализи за состојбите со природното и културното наследство содржани во други научни и плански акти. Рехабилитацијата на доброто е жив процес подложен на промени поради што е неопходно преку научни и стручни анализи континуирано да се следи актуелната состојба, што е основа за преземање на натамошни мерки.

Консултирани беа и бројни примери од планови за рехабилитација со акциски планови (достапни онлајн) и соодветни библиографски единици за изготвување на планови за рехабилитација, кои помогнаа во методолошкото конципирање на процесот на изработка и на неговата содржина. При конципирањето на содржината на Стратегискиот план, се оцени дека не е потребно во овој документ да се повторуваат сите стратегиски цели и мерки кои веќе се содржани во останатите плански документи кои се во примена со цел да се избегне повторување на веќе воспоставените насоки за заштита и рехабилитација на доброто и непотребно оптоварување на содржината на овој План. Сепак, во Стратегискиот план се вклучени и дел од мерките од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029 година) за кои се ценеше дека се од суштинско значење за рехабилитацијата на доброто, а кои од различни причини досега биле делумно реализирани или воопшто не биле реализирани.

Целите и мерките содржани во Стратегискиот план се насочени кон спречување на понатамошна деградација на неговите вредности и атрибути и нивна итна ревитализација. Културното и природното наследство на Охридскиот регион и во иднина ќе се заштитува со релевантни домашни и меѓународни акти, управувањето ќе се регулира со стратегиски акти, а неговите атрибути и понатаму ќе бидат потенцијал за континуирани научни истражувања.

По усвојувањето на Стратегискиот план за рехабилитација, следува следната, еднакво значајна фаза, а тоа е имплементацијата на истиот, за која е потребно да се воспостави механизам на редовна контрола на процесот на спроведување на предложените мерки и активности од акцискиот план, како и нивна континуирана евалуација согласно актуелните состојби со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион во еден непрекинат процес (**слика 2**).




***Слика 2****. Процес на имплементација на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со континуирана контрола и евалуација на предложените мерки и активности.*

# **04** Фактори со негативно влијание врз Исклучителната универзална вредност, интегритетот и автентичноста на доброто

Неефикасното управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, влијанијата врз квалитетот на водите во сливот на Охридското Езеро, неодржливото земјоделство, шумарство, рибарство и туризам, екстракција на минерални суровини и вода за пиење, внесувањето на алохтони видови, загубата и фрагментацијата на живеалиштата, нарушувањето на пределот, климатските промени, интензивната урбанизација која влијае на загубата на урбанистичко-архитектонските вредности, археолошкото наследство и пределските карактеристики, експанзијата на градби за потребите на масовниот туризам, изградбата на објекти без правен статус, крајбрежната трансформација, изградбата на големи инфраструктурни проекти, и хидротехнички објекти за производство на електрична енергија, несоодветното испуштање на отпадните води, непрописното отстранување на отпадот, се основните закани кон ИУВ на доброто. Овие закани се евидентирани и во Извештаите на Реактивните мониторинг мисии (РММ) на УНЕСКО / ИКОМОС / ИУЦН од 2017 (во Р. Северна Македонија) и 2020 година (заедничка мисија во Р. Северна Македонија и Р. Албанија) и во мноштво други релевантни извори.

Интегритетот и автентичноста на доброто се засегнати и од ненавремената и несоодветна конзервација на заштитените добра, отсуството на знаења и вештини за управување со доброто, како и компромисната политика во полза на развојот на туризмот и урбанистичката експанзија наспроти заложбите за зачувување на статусот на светското природно и културно наследство.

Управувачката рамка сѐ уште се состои од бројни закони и стратегиски документи кои меѓусебе не се усогласени, односно не постои интегриран пристап во управувањето. Постојните акти за заштита на природното и културното наследство содржат режими и мерки за заштита кои не се во согласност со заштитата на ИУВ на доброто и овозможуваат активности со кои се нарушуваат неговите културни и природни вредности.

Измената и дополнувањето на постоечките Детални урбанистички планови (ДУП) во Охрид и Струга најчесто се случува поради потребите на локалната самоуправа или на приватна иницијатива, а не од стратегиски причини за нивно усогласување со Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион (2020-2029). Со години изостанува реализација на приоритетот за носење на нови

Генерални урбанистички планови (ГУП) за Охрид и Струга, усогласени со Планот за управување, а потоа нивна понатамошна разработка со урбанистичко-планска документација од понизок ранг. Исто така, иако потребата од изготвување на нови детални урбанистички планови за деветнаесетте (19) комплекси во рамки на Старото градско јадро на Охрид беше нотирана од страна на РММ 2017 и 2020 и потоа рефлектирана во Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план, сѐ уште отсуствува нивна реализација.

Во постапка на донесување се десетици Локални урбанистичко-плански документации и Урбанистички планови вон населено место (вон опфат на урбанистички план), лоцирани надвор од актуелните важечки ГУП-ви на Охрид и Струга, кои неизбежно ќе придонесат за фрагментација на просторот и нарушување на неговите пределски карактеристики, а често подразбираат трансформација на квалитетно земјоделско земјиште во градежно земјиште што е во спротивност со одредбите од Просторниот план на Р. Северна Македонија како документ со хиерархиски највисока позиција во системот на просторното и урбанистичкото планирање.

Управувањето со доброто на територијата на Р. Северна Македонија го вршат голем број институции на централната и локалната власт кои се недоволно стручни за вршење на комплексните работи поврзани со планирањето, проектирањето и примената на режимот на заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион. Не постои рамнотежа помеѓу заштитата на неговата ИУВ, одржливото користење на природните ресурси, социјалниот развој и економскиот раст во рамките на заштитеното добро.

Бесправно изградените објекти во Охридскиот регион во најголем дел придонесоа кон состојбата на ранливост во која се наоѓа доброто. Тие сѐ уште претставуваат актуелна закана по неговата автентичност и неговиот интегритет. Покрај тоа што е евидентно дека изградбата на ваквите објекти интензивно продолжува, исто така евидентно е дека надлежните субјекти кои вршат увиди во состојбите со природното и културното наследство и инспекциските служби не преземаат дејствија за нивно навремено спречување, отстранување и санкционирање на сторителот за преземање на дејствие спротивно на закон.

Меѓународните извештаи за состојбата со природното и културното наследство укажуваат на бројни прекршувања на законите релевантни за заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион, но во практика постојат исклучително мал број на изречени санкции против лицата кои преземаат активности со кои се нарушува ИУВ на доброто. Отсуствува примена на соодветна казнена политика во Охридскиот регион, која доколку ја имаше превентивно ќе делуваше на поголема самосвесност на сите засегнати страни во сите аспекти на преземање на дејствија во Охридскиот регион, како од аспект на приватна иницијатива, така и од аспект на преземање на службени дејствија.

Меѓународните конвенции кои се релевантни за заштитата на светското културно и природно наследство се недоволно препознаени и интегрирани во спроведувањето

на механизмите кои се однесуваат на заштитата на доброто. Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство на УНЕСКО (Париз, 1972) е најсеопфатниот меѓународен инструмент за заштита на природното и културното наследство. Земјите членки, потписнички на Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, се обврзани да постигнат највисок стандард на заштита на природното и културното наследство впишано на Листата на светското наследство на УНЕСКО. Со ратификацијата на оваа Конвенција земјите-членки се обврзале не само на примена на Конвенцијата, туку и на актите кои произлегуваат од Конвенцијата, како што е Оперативниот водич на УНЕСКО за примена на Конвенцијата за светско наследство, но и за примена на конкретните мерки и препораки кои произлегуваат од телата на Конвенцијата. Задолжителноста на примената на пропраките на телата на УНЕСКО и на другите меѓународни конвенции е недоволно препознаена во правниот систем на Р. Северна Македонија. Препораките на мисиите на УНЕСКО сами по себе имаат правен легимитет и основаност за нивна директна примена во преземањето на мерки кои се насочени кон спречување на најголемите закани по интегритетот и автентичноста на Охридскиот регион како светско наследство.

Механизмите на меѓународна соработка меѓу земјите-членки од аспект на управување и заштита на заедничкото прекугранично добро како светско наследство постојат, но не се доволно развиени.

Заклучокот е дека сѐ уште постои ниска свест за значењето на природното и културното наследство во Охридскиот регион, како меѓу институциите, така и кај населението и локалните заедници. Во таа смисла, неопходно е повидливо позиционирање на заштитата на доброто и зачувувањето на светското наследство на Охридскиот регион како приоритетна активност на земјите-членки и на надлежните институции.

# **05** Цели на планот

Стратегискиот план за рехабилитација треба да гарантира спроведување на активности кои се насочени кон ублажување и намалување на заканите и факторите кои може да имаат негативно влијание врз ИУВ на доброто. Имплементацијата на Планот во подолг временски период треба да обезбеди отстранување на заканите по неговата исклучителна универзална вредност, воспоставување на функционален систем за управување со доброто кој ќе спречи враќање на старите односно создавање на нови закани, и ќе придонесе кон рехабилитација на исклучителните универзални вредности на доброто, нивна самоодржливост и враќање во изворната состојба. Со тоа, Стратегискиот план претставува солидна основа за донесување развојни одлуки од сите засегнати страни, со што ќе се обезбеди рамнотежа помеѓу заштитата на доброто и неговото одржливо користење.

Составен дел на Стратегискиот план е Акциски План во кој, врз основа на претходни анализи на состојбата и заканите по ИУВ на природното и културното наследство во Охридскиот регион, се дефинирани мерките за рехабилитација со кои ќе се отстранат односно ќе се намалат заканите, а содржани се и показатели (индикатори) врз основа на кои ќе се утврди дали целта дефинирана со мерката е постигната. За сите стратегиски цели и мерки содржани во Стратегискиот план единствен показател (индикатор) за успех е намалувањето на заканите по исклучителната универзална вредност на Охридскиот регион, што ќе резултира со рехабилитација на неговите атрибути и вредности. Овој показател е тешко мерлив во кус временски период, заради одложените ефекти од рехабилитацијата за чија видливост и научна верификација е потребен подолг временски период, односно соодветна временска дистанца.

Финансирањето / буџетирањето на спроведувањето на мерките (активностите) за рехабилитација на доброто ќе бидат проценети во моментот на нивното спроведување и согласно актуелната финансиска состојба од страна на надлежните институции со утврдена буџетска рамка за спроведување и/или можности за кофинансирање од страна на меѓународни донатори. Фискалните импликации кои се потребни за реализација на мерките ќе ги даде секој од надлежните субјекти кој е задолжен за спроведување на мерката. По донесување на Стратегискиот план од страна на Владата на Република Северна Македонија, Владата ќе ги задолжи сите надлежни субјекти да достават процена за фискалните импликации и за изворите на финансирање. Овие податоци ќе бидат основа и за програмирање на буџетските средства за годините во кои треба да се реализира конкректната активност.

Доследното спроведување на мерките за рехабилитација е неопходно потребно во насока на справување со бројните закани и притисоци со кои се соочува заштитениот регион, а кои се напластувале од времето на неговото впишување на Листата на светско наследство, до денес. За таа цел, сите евидентирани закани

(фактори со негативно влијание по ИУВ) се категоризирани во соодветни категории:

- несоодветно управување со доброто;
- недоволни човечки и финансиски капацитети;
- прекумерна и несоодветна урбанизација;
- масовен туризам;
- низок квалитет на градбите во градските и приобалните средини;
- загуба на традиционалната и вернакуларната архитектура;
- големи инфраструктурни проекти;
- загуба и фрагментација на живеалишта;
- загадување (на почви, води, воздух, светлосно и звучно загадување) ;
- еутрофикација на водите;
- климатски промени;
- прекумерно рибарство и загуба на рибниот фонд;
- замена на автохтоните со инвазивни и алохтони видови и т.н.

За поедноставна консултација, употреба и имплементација на Стратегискиот план за рехабилитација, сите овие групи (категории) на закани беа преточени во стратегиски цели чие исполнување во целост ќе гарантира подобрување на состојбата во која се наоѓа регионот и ќе спречи негова понатамошна деградација.

Мерките за рехабилитација содржани во овој Стратегиски план се структуирани во следните **категории на стратегиски цели** (**слика 3 и 4**).




***Слика 3.****Приказ на четирите главни стратегиски цели на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.*

Првата стратегиска цел: *Ефективен систем за заштита и управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион* е дополнително структурирана во четири под-категории (**слика 4**), со што всушност се дефинирани вкупно 8 стратегиски цели.




***Слика 4.*** *Приказ на под-категоризацијата на првата Стратегиска цел.*

Вака конципирани, стратегиските цели ги адресираат претходно евидентираните закани (фактори со негативно влијание по ИУВ) по природното и културното наследство опфаќајќи сродни групи односно меѓусебно поврзани закани кои може да се решат, во одредена мера или целосно, со ист сет на корективни мерки и активности како од аспект на конзервација, реставрација и ревитализација на истите, така и од аспект на подобрување на правната рамка за нивна заштита и јакнење на стручните и финансиски капацитети за таа цел. Воедно, се предвидува јакнење на прекуграничната соработка меѓу земјите-членки Р. Северна Македонија и Р. Албанија во насока на постигнување ефикасен билатерален механизам за управување со регионот.

Преку имплементација на овие мерки ќе се воспостави систем за континуирана заштита и интегрирано управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион на национално, билатерално и на меѓународно ниво.

# **06** Процес на изработка на Стратегискиот план

Зачувувањето на светското наследство бара интердисциплинарен и комплексен пристап и ангажман на сите засегнати страни во процесот во кој се вкрстуваат повеќе аспекти на социјалното живеење и низа активности-конзервација и реставрација, ревитализација, како и просторно и урбанистичко планирање и развој, култура, образование, наука и истражување, животна средина, одржлив туризам и економија.

Заштитата и одржливиот развој на природното и културното наследство на Охридскиот регион се условени од активното учество на сите засегнати страни во регионот. Со цел Стратегискиот план за рехабилитација да даде одговори на предизвиците кои произлегуваат од заедничкото управување, во неговата изработка базична беше размената на идеи и експертизи од сите чинители кои се засегнати со светското наследство. Партиципативниот пристап во изработката на Стратегискиот план треба да послужи како алатка која ќе помогне да се разберат проблемите кои треба да се решаваат, стратегиските цели кои треба да се постигнат, како и одговорностите при нивно реализирање. Овој пристап ќе овозможи Стратегискиот план да биде одржлив и ефективен заштитен инструмент, кој успешно ќе се имплементира во иднина.

Изработката на Стратегискиот план за рехабилитација започна со формирање на експертските работни групи во ноември 2021 година и се одвиваше, структуриран во соодветни фази, сè до неговото усвојување од двете земји-членки (Р. Северна Македонија и Р. Албанија) и поднесување до Комитетот за светско наследство во предвиденот рок.

Процесот на изработка на Стратегискиот план, со сите негови фази во хронолошки ред е прикажан на следната слика (**слика 5**):




***Слика 5.*** *Хронолошки приказ на преземените активности од страна на земјата-членка Р. Северна Македонија за изработка на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.*

Во текот на процесот на изработка, експертската работната група во Р. Северна Македонија спроведе широк консултативен процес со засегнатите чинители во Охридскиот регион, преку прибирање на ажурирани информации и податоци од засегнатите страни, како и преку одржување на состаноци. Дополнително, беше консултирана целокупната релевантна национална и меѓународна легислатива која се однесува на светското наследство, како и релевантна стручна и научна литература од областа.






***Слика 6:*** *Хронолошки приказ на преземените активности од страна на земјата-членка Р. Албанија за изработка на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.*




***Слика 7.*** *Клучни фази кои земјата-членка Р.С.Македонија ги спроведе во изработката на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.*

За време на процесот на изготвување, експертскиот тим во Албанија спроведе широк процес на консултации со засегнатите страни во албанскиот дел на доброто, преку собирање ажурирани информации за состојбата на имплементација на препораките од последната Реактивна мониторинг мисија (2020), официјални кореспонденции, собирање податоци за различни тековни иницијативи, проекти, планови за рехабилитација, активности и работни состаноци (виртуелни и со присуство). Дополнително, целиот сет препораки од последната Реактивна мониторинг мисија (2020) и акцискиот план на Додатокот за светско наследство кон Планот за управување со заштитениот предел на Поградец 2017-2027 година, беа повторно внимателно анализирани заедно, а беше спроведено и научно истражување во областа. Освен тоа, Комитетот за управување со заштитените подрачја се користеше како платформа за консултации во однос на Стратегискиот План за рехабилитација. Стратешкиот план за рхабилитација на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион конечно ќе биде разгледан и од Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро на прввиот следен состанок. Сите преостанати препораки беа земени предвид и се рефлектирани во заедничкиот нацрт-документ. Во исполнувањето

на обврските што произлегуваат од заедничката иницијатива за зачувување на нашето заедничко наследство, се уверува дека ќе се следат сите соодветни чекори.




***Слика 8.*** *Клучни чекори кои земјата-членка Р. Албанија ги спроведе во изработката на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.*

Процесот на изработка на Планот за рехабилитација траеше дванаесет месеци при што континуирано се вршеше ревизија и надополнување на неговата содржина.[1]

Усвоената методологија за изработка на Планот за рехабилитација беше усогласена помеѓу изготвувачите од двете земји-членки, имајќи ја предвид потребата од прекугранична соработка и интегриран пристап во управувањето и заштитата на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион. Предложените мерки во Стратегискиот план се и во насока и на постигнување на Целите за одржлив развој (SDGs) на Обединетите Нации кои претставуваат јасна визија за одржлива иднина.

[1] Забелешка од авторите: За изготвување на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион, беа користени бројни ресурси и документи, достапни на веб-страната на Комитетот за Светско наследство на УНЕСКО, а кои се однесуваат на состојбатана, Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион". Документите се со отворен пристап и достапни на: https://whc.unesco.org/en/list/99/documents/.

# **07** Консултативен процес

Консултативниот процес во рамки на изработката на Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион започна во февруари 2022 година и се спроведе во неколку фази со остварување на работни средби, писмени и усни консултации со претставници на засегнатите страни со цел темелна, квалитетна и навремена подготовка на стратегискиот документ. Консултациите се значајна алатка со која се овозможи сите припадници на засегнатото општество да дадат придонес во процесот на рехабилитација на природното и културното наследство на заштитениот регион.

Во првата фаза од консултативниот процес во Р. Северна Македонија (февруари – септември 2022 година), која впрочем претставуваше фаза на прибирање податоци и информации од релевантните институции, беа опфатени единиците на локалната самоуправа и надлежните државни институции и јавни претпријатија. Притоа, преку остварените средби и посети на дел од субјектите како и писмена комуникација, беа добиени релевантни податоци од следните чинители:

- *Општина Охрид*
- *Општина Дебрца*
- *Министерство за култура*
- *Министерство за животна средина и просторно планирање*
- *Министерство за транспорт и врски*
- *Управа за хидрометеоролошки работи*
- *Управа за заштита на културното наследство*
- *НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид*
- *Државен инспекторат за животна средина*
- *ЈП Колекторски систем*
- *ЈУ НП Галичица*
- *ЈП Македонски Железници и инфраструктура*
- *ЈП Државни патишта*
- *Национални енергетски ресурси*
- *АД Електрани на Северна Македонија (ЕСМ) - Подружница ХЕС „Црн Дрим“*
- *Дирекција за технолошки и развојни зони - Струга*
- *Капетанија на пристаништата - Охрид*

Во втората фаза од консултативниот процес (септември-октомври 2022 год.), беа одржани неколку состаноци со невладиниот сектор, граѓанските здруженија и организации активни во Р. Северна Македонија:

- *Граѓанска иницијатива Охрид SOS*
- *Фронт 21/42*

- *Еко свест*
- *ИКОМОС Македонија.*

Притоа, од чинителите вклучени во оваа фаза, а особено граѓанската иницијатива Охрид SOS, беше даден значаен придонес во насока на подобрување и унапредување на нацрт-Стратегискиот план и дел од нивните информации и препораки се вградени во Стратегискиот план за рехабилитација.

Како дел од процесите за изготвување на Стратегискиот план за рехабилитација, од страна на општините Охрид и Дебрца беа номинирани стручни лица кои излегоа во пресрет на потребите на работната група во однос на обезбедување на точни и ажурирани податоци за изготвување на Планот во текот на целиот процес.

Во рамките на консултативниот процес исто така беа остварени средби со претставници од ЈПДП, ДИЖС како и со изготвувачите на Предлог-законот за прогласување на Студенчишко блато за парк на природата (Категорија IV според ИУЦН) и со изготвувачите на Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро и негово прогласување за споменик на природата (Категорија III според ИУЦН).

Во Република Албанија, консултативниот процес во рамките на изработката на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион започна во декември 2021 година како дел од процесот за изработка на извештајот за состојбата со заштитата поднесен во февруари 2022 година од страна на земјата-членка Албанија.

Спроведена беше официјална писмена и електронска кореспонденција, одржани работни состаноци (виртуелни и со присуство) проследени со серија консултации со претставници на различни засегнати страни. Од декември 2021 година до август 2022 година, беа одржани консултации со следните засегнати страни:

- Министерство за култура;
- Министерство за туризам и заштита на животната средина;
- Министерство за земјоделие и рурален развој;
- Министерство за Европа и надворешни работи;
- Префектура Корча;
- Општина Поградец;
- Национална Агенција за просторно планирање;
- Национален институт за културно наследство;
- Национална Агенција за заштитени подрачја;
- Регионална Управа за заштитени подрачја, Корча;
- Регионален Директорат за културно наследство, Корча;
- Албанско-американска Фондација за развој.

Со цел зајакнување на управувањето со заедничкото прекугранично природно и културно наследство на Охридскиот регион, подготвителната фаза опфати два работни состаноци (во Тушемиште / Поградец и Охрид), на кои двата тима споделија идеи, спроведени активности, и се договорија за главните стратегиски цели и идни чекори во процесите на изготвување на Стратегискиот план за рехабилитација во билатерален

(меѓународен) контекст. Консултациите меѓу двата тима продолжи до финализирање на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион.

Во рамките на консултативниот процес, првата работната верзија на Стратегискиот план за рехабилитација беше поставена на веб-страниците на Министерството за животна средина и просторно планирање и на Министерството за култура на Р. Северна Македонија за широка консултација, а потоа следуваше и јавна расправа, која се одржа на 21 ноември 2022 година, организирана во виртуелен формат.

Јавната расправа илустрираше дека интерес за состојбите со културното и природното наследство на Охридскиот регион најмногу постои кај граѓанските организации, кои располагаат со информации и анализи за состојбите со природното и културното наследство, како и со предлози за конкретни мерки за спречување на активности кои негативно влијаат врз ИУВ на доброто. Јавната расправа по Стратегискиот план недвосмислено илустрираше дека и меѓу надлежните институции и меѓу граѓаните постои исклучително низок степен на свесност и интерес за заканите по светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, за ранливата состојба во која се наоѓа доброто и за потребата од преземање на ургентни активности со кои ќе се спречи неговата натамошна деградација.

Во последната меѓуресорска консултација по Нацрт Стратегискиот План за рехабилитација беа прибавени мислења од:

- ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид,
- Општина Струга,
- ЈП за државни патишта,
- Агенција за промоција и поддршка на туризмот,
- Управа за хидрометеоролошки работи – Скопје.

За време на процесот на изготвување, експертскиот тим во Албанија спроведе широк процес на консултации со засегнатите страни во албанскиот дел на Доброто, преку собирање ажурирани информации за состојбата со имплементација на препораките од последната Реактивна мониторинг мисија (2020), официјални кореспонденции, собирање податоци за различни тековни иницијативи, проекти, планови за рехабилитација, активности и работни состаноци (виртуелни и со присуство). Дополнително, целиот сет препораки од последната Реактивна мониторинг мисија (2020) (кои се однесуваат на Р. Албанија) и акциониот план на Додатокот за Светското наследство кон Планот за управување со заштитениот предел на Поградец 2017-2027 година, беа внимателно повторно анализирани заедно, како и научно истражување на терен. Освен тоа, како платформа за консултации во однос на Стратегискиот план за рехабилитација се користеше и Комитетот за управување со заштитениот предел на Поградец. Сите добиени информации се земени предвид и прикажани се во заедничкиот документ.

# **08** Мониторинг и имплементација

Имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација е жив и динамичен процес, низ кој систематски ќе се прибираат и анализираат информациите во однос на дефинираните активности кои треба да се реализираат навремено, во согласност со современите стручни стандарди, практики, знаења и вештини. Мониторингот и евалуацијата ќе се вршат преку два клучни критериуми: оцена на ефикасноста од имплементацијата на стратегиските цели (од аспект на постигнатите резултати и напредок) и нивната ефективност, т.е. дали и кога се манифестираат позитивните ефекти по културното и природното наследство (**слика 2**).

Степенот на имплементација на Стратегискиот план за рехабилитација ќе го манифестира степенот на посветеност и заложбите на Владите на Република Северна Македонија и Република Алабанија, општините и на сите надлежни институции во напорите за зачувувањето на статусот на светско природно и културно наследство на Охридскиот регион.

Имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација ќе биде голем предизвик и за институциите и за сите надлежни субјекти кои задолжително треба да бидат вклучени во спроведувањето на мерките и активностите и нивното континуирано следење со дефинираната динамика, бидејќи само со интегриран пристап и ангажман може да се постигнат зацртаните цели.

Во таа смисла, транспарентноста во имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација, ќе ја нагласи и отчетноста и одговорноста на сите надлежни субјекти. Во тој контекст, на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија ќе биде формирана посебна потстраница посветена на следење на спроведување на Стратегискиот план (за македонскиот дел од доброто) во која ќе бидат содржани мапа на сите атрибути на културното и природното наследство на Охридскиот регион, заштитените зони, поединечно заштитените добра, катастарот на подземни води, водостопански дозволи, како и евидентирани закани, регистарот на бесправно изградени објекти и т.н. Во рамки на оваа посебна страница редовно ќе се ажурира степенот на исполнетост на мерките предвидени во Стратегискиот план за рехабилитација, односно нивните индикатори, ќе се објавуваат активностите кои се имплементираат, а ќе биде дадена и можност за пријавување на лицата или субјектите кои преземаат активности кои негативно влијаат врз културното и природното наследство.

Мониторинг на спроведување на Стратегискиот план за рехабилитација (за македонскиот дел од доброто) ќе врши Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, преку редовно доставените информации / извештаи од страна на надлежните институции. Комисијата за управување ќе треба да го подигне нивото на координација во остварувањето на

надлежностите на институциите, кои во практика се фрагментирани, изолирани и не обезбедуваат соодветна заштита на доброто. Во овој процес Комисијата за управување ќе треба да ги вклучи и граѓанските организации и здруженија кои се активни во Охридскиот регион и кои се значаен корективен механизам во реализација на целите насочени кон рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион. Комисијата за степенот на имплементација на Стратегискиот план ќе доставува квартални извештаи со предлог заклучоци во кои ќе бидат дефинирани роковите за реализација на активностите од страна на надлежните институции. Владата на Република Северна Македонија, врз основа на кварталните извештаи на Комисијата, со заклучоци ќе ги задолжи односно ќе им укаже на надлежните субјекти во дадениот рок да го реализираат предметниот заклучок. Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање ќе го следат степенот на имплементација на Стратегискиот план согласно заклучоците на Владата.

Мониторингот претпоставува процес за утврдување на одговорност од субјектите за ненавремено остварување на мерките за рехабилитација, како и одговорност за преземање на активности со кои негативно се влијае врз исклучителната универзална вредност на доброто. Етаблирањето и доследната примена на систем на отчетност, јавност и одговорност за примената на мерките за рехабилитација во Охридскиот регион е клучниот инструмент со којшто може да се придонесе кон намалување на заканите по доброто.

Клучна институција за вршење на надзорот е Државниот завод за ревизија на Р. Северна Македонија. Државниот завод за ревизија за секоја година од имплементација на Стратегискиот план ќе врши ревизија на успешност од аспект на ефикасноста на политиките и степенот на реализација на Стратегискиот план во Р. Северна Македонија. Извештаите за извршена ревизија на Државниот завод за ревизија се јавно достапни документи, во кои покрај наодите од констатираните состојби се содржани и препораки за надминување на состојбите. Истовремено, овие извештаи се основ за утврдување на одговорност на надлежните субјекти и се основ за поведување на конкретни постапки кои може да резултираат и со соодветни санкции.

Исто така, организирањето надзорна расправа во Собранието на Р. Северна Македонија ќе биде уште една дополнителна алатка за следење на примената на Стратегискиот план за рехабилитација. Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање ќе иницираат на секои две години одржување надзорна расправа во Собранието на Република Северна Македонија за степенот на имплементација на Стратегискиот план.

Во земјата-членка Албанија, спроведувањето на Стратегискиот план за рехабилитација ќе се следи преку Комитетот за управување со заштитениот предел на Поградец, чии ко-претседавачи се градоначалникот на Поградец и генералниот директор за политики за животна средина во Министерството за туризам и заштита на животната средина. Комитетот ќе поднесува извештај двапати годишно до министрите и до Националната комисија за УНЕСКО за спроведувањето на Стратегискиот план за рехабилитација.

На билатерално ниво ќе се зајакне прекуграничната соработка меѓу земјите-членки преку контролата на спроведувањето на Стратегискиот план за рехабилитација која ќе биде вршена од прекуграничниот Комитет за управување со сливот на Охридското Езеро. Со ваквиот систем на поставеност на имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација извесно е дека ќе се обезбедат информациите кои се потребни за редовно известување на Центарот за светско наследство на УНЕСКО. Земјите-членки, Р. Северна Македонија и Р. Албанија, ќе го информираат Центарот за светско наследство на УНЕСКО за постигнатиот напредок во однос на имплементацијата на мерките за рехабилитација, во рамките на Извештајот за состојбата на доброто (SOC report).

Со следењето на имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација ќе се документираат вредностите на доброто кои ја дефинираат неговата ИУВ, а воедно ќе се потврди дека тие соодветно се штитат, одржуваат и се унапредуваат. Истовремено, искуствата од неговата имплементација позитивно ќе влијаат и на приспособување на управувачките активности во иднина.

# 09 Управување со ризици

Ризиците кои би можеле да влијаат на спроведувањето на мерките од акцискиот план, односно постигнувањето на дефинираните стратегиски цели за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион, во согласност со нивната генерална природа, ризиците се класифицирани како:

- Политички ризици;
- Природно-елементарни ризици;
- Социјални ризици;
- Технички / организациски / оперативни ризици;
- Економски ризици.

Воедно, со анализа идентификувани се соодветни мерки за справување со ризиците и/или нивно ублажување дадени во табела 1:

| Ризик (Р) | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на стратегиските цели | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| ***Политички ризици*** | | | |
| *Политички Р1 –* Заштитата на културното и природното наследство не е приоритет во процесот на планирање на Буџетот на Владата (низок степен на средства за финансирање на заштитата на културното и природното наследство во Охридскиот регион од државниот буџет). | Голема | Големо | 1.1.1 Унапредување и диверзификација на постоечките механизми за финансирање на заштитата на културното и природното наследство на Охридскиот регион.<br>1.1.2. Развој на нови механизми за финансирање на заштитата на културното и природното наследство на Охридскиот регион. |
| *Политички Р2 –* Неконзистентност на политиките и недоволна имплементација на донесените стратегиски документи и политики. | Голема | Големо | 1.2.1 Зголемена контрола во процесите на имплементација на мерките и активностите од Стратегискиот план за рехабилитација на Охридскиот регион како еден од клучните стратегиски документи.<br>1.2.2 Поголема транспарентност и отчетност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Политички Р3 –*<br>Политички противречности на засегнатите страни и заинтересираните групи со приоритети дадени во документот. | Средна | Средно | 1.3.1 Стратегија за инклузивност на засегнатите страни во процесот на планирање и следење на реализацијата на активностите.<br>1.3.2 Редовно информирање на засегнатите чинители за одвивањето на процесите на рехабилитација на културното и природното наследство во Охридскиот регион.<br>1.3.3 Вклучување на засегнатите чинители во процесите на планирање на заштитата и рехабилитацијата на културното и природното наследство во Охридскиот регион. |
| ***Природно-елементарни ризици*** | | | |
| *Природно-елементарни Р4 –*<br>Пожари, загадување на воздухот, водите и почвата, климатски промени, природни / елементарни непогоди, вооружен судир, пандемии. | Голема | Големо | 1.4.1 Развој на план за ограничување на негативните влијанија во животната средина врз културното и природното наследство во Охридскиот регион од страна на Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање, во координација со Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Министерство за здравство и др.<br>1.4.2 Изработка на План за техничка безбедност и заштита на културното и природното наследство за време на криза. |
| ***Социјални ризици*** | | | |
| *Социјални Р5 –*<br>Ниско ниво на свест кај населението за значењето на светското културно и природно наследство и неопходноста од негова заштита и одржливо користење. | Голема | Големо | 1.5.1 Изработка на План за едукација за значењето на светското културно и природно наследство и процесите на негова заштита од Министерство за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерство за образование и наука. |
| *Социјални Р6 –*<br>Низок животен стандард на имателите на културно | Голема | Големо | 1.6.1 Изработка на План за обезбедување на дополнителни финансиски средства од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наследство во Охридскиот регион и ограничени финансиски можности за негово соодветно одржување. | | | различни извори за соодветно одржување на културното наследство.<br>1.6.2 Донесување на стимулативни мерки за имателите на културното наследство, даночно ослободување и сл. |
| *Социјални Р7 –* Недоволна застапеност на заштитата на културното и природното наследство во формалното образование. | Голема | Големо | 1.7.1 Воведување на едукација за заштита на културното и природното наследство на Охридскиот регион во формалното образование преку посебна програма донесена од Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука. |
| *Социјални Р8 –* Образовен систем кој не кореспондира со современите европски текови. | Голема | Големо | 1.8.1 План за унапредување и осовременување на студиските програми во насока на обезбедување соодветна едукација за заштита на културното и природното наследство донесен од Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука.<br>1.8.2 Организирање на специјалиситички обуки за стручните кадри во заштитата на културното и природното наследство. |
| ***Технички / Организациски / Оперативни ризици*** | | | |
| *Технички/Организациски/ Оперативни Р9 –* Недоволен број на стручни кадри од областа на заштитата на културното и природното наследство. | Голема | Големо | 1.9.1 Промовирање на студиски програми од оваа област во високото образование во РСМ и АЛ.<br>1.9.2 Стипендирање на студии од областа во странство и други стимулативни мерки за унапредување на знаењето. |
| *Технички/Организациски/ Опративни Р10 –* Недоволен број на просторни и технички капацитети за одвивање на процесите на непосредна заштита. | Голема | Големо | 1.10.1 Унапредување на просторно-техничките капацитети на институциите од областа на заштитата на културното и природното наследство во РСМ и АЛ.<br>1.10.2 Поврзување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | институциите со цел оптимално користење на постоечките просторно-технички капацитети и ресурси и можност за прекугранична размена и искористување на капацитети. |
| ***Економски ризици*** | | | |
| *Економски Р11* – Економска криза, инфлација и буџетски дефицит. | Голема | Големо | 1.11.1 Вмрежување и приоритизација на мерки. |
| *Економски Р12* – Обезбедување на финансиски средства од страна на државите членки РСМ и АЛ за имплементација на Стратегискиот план за рехабилитација. | Голема | Големо | 1.12.1 Унапредување и диверзификација на постоечките механизми за финансирање на секторите заштита на културното и природното наследство.<br>1.12.2 Развој на нови механизми за финансирање на вонинституционалниот сектор за заштита на културното наследство и природното наследство.<br>1.12.3 Поттикнување на Државите членки и институциите во процесот на искористување на европските и други фондови преку обезбедување на обртни финансиски средства и други стимулативни мерки за заштита на природното и културното наследство. |
| *Економски Р 13* – Варијабилен износ на средства за финансирање на заштитата на природното и културното наследство предвиден во Буџетот на Државите членки РСМ и АЛ. | Голема | Големо | 1.13.1 Унапредување и диверзификација на постоечките механизми за финансирање на заштитата на природното и културното наследство.<br>1.13.2 Развој на нови механизми за финансирање на заштитата на природното и културното наследство. |

*Табела 1*: Анализа на ризиците.

# 10 Заклучоци

Комплексноста на заедничкото светско природно и културно наследство на Охридскиот регион бара иновативни модели на управување, кои ќе понудат решенија за справување со спектарот на управувачки механизми, вклучително и во поширокиот прекуграничен регион на Охридското Езеро. Во таа смисла, успешното управување со светското наследство мора да биде сеопфатно и да обезбеди одржлив развој на територијата на доброто.

Просторниот развој на доброто мора да биде раководен од принципите на интегрирана заштита, односно почитување на традиционалните урбанистички модели за зачувување на природното и културното наследство, културниот пејзаж на Регионот на Охридското Езеро и неговата целовитост и интегритет, како и воспоставување рамнотежа меѓу потребите на современиот живот и зачувувањето на ИУВ.

Ефективната интеграција во процесите на планирање на различни нивоа, меѓусекторската соработка, учеството на заедницата и прекуграничната заштита како и воспоставување на интегриран мониторинг систем се предуслови за успешно долгорочно управување со Охридскиот регион. Граѓанското учество и подигањето на свеста за природното и културното наследство се предуслови за остварување на неговата заштита, а Стратегискиот план е инструмент преку кој во координиран процес ќе се обезбеди примена на алатки и мерки со кои се гарантира успешно справување со сите закани по ИУВ на доброто.

Природното и културното наследство на Охридскиот регион како светско наследство денес има највисок степен на национална и меѓународна заштита и оттука, грижата за неговите атрибути и вредности се одговорност на секој поединец.

Степенот на почитувањето и примената на меѓународните стандарди во заштитата на природното и културното наследство е индикатор за нашата самосвест за природното и културното наследство и за нашата одговорност во придонесот кон неговото зачувување.

Владите на Република Северна Македонија и Република Албанија имаат клучна улога во однос на координирањето на надлежните органи и институции, имајќи ја предвид поставеноста на институциите на институционално и политичко ниво. Тие треба да овозможат и гарантираат исполнување на препораките на мисиите на Советодавните тела на Центарот за светско наследство на УНЕСКО, кои се насочени кон спречување на најголемите закани по автентичноста и интегритетот на регионот, зајакнување на заштитата и прекуграничната соработка и ефективното управување со ИУВ на доброто.

# **11** Табела со мерки за рехабилитација (Акциски план)

## ТАБЕЛА СО МЕРКИ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА
## и Цели за Одржлив Развој на Обединети Нации кои се постигнуваат со нивно имплементирање




### КРАТЕНКИ:

**Степен на реализација на активност:**

Р - Реализирана
ВР - Во тек на реализација
НР - Нереализирана

**Рок за реализација на активноста**
**(од моментот на усвојување на Стратегискиот план за рехабилитација):**

И - Итно (во првата година)
КР - Краткорочно (1-2 години)
СР - Среднорочно (2-5 години)
ДР - Долгорочно (5-7 години)
К - Континуирано

| Бр. | Предложена мерка | Препорака на ИКОМОС/ИУЦН РММ (2017; 2020); Одлука на WHC | Активности | Надлежна институција | Статус на реализација | Индикатор | Рок | Земја членка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **Стратегиска цел: Ефективен систем за заштита и управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион** | | | | | | | |
| **I.A** | Создавање на поволни услови за заштита и управување со природното и културното наследство | | | | | | | |
| **1.A.1** | Заштита и воспоставување на систем за управување со Студенчишко Блато. | 1.a (2020);<br>2.h (2020);<br>5.a (2020);<br>(44 COM 7B.77, 2021). | **1.A.1.1** Донесување на Акт за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје во согласност со добиените препораки од мисиите на ратификуваните меѓународни конвенции. | МЖСПП во соработка со ОО, | ВР | -Донесен Акт за прогласување на Студенчишко Блато за заштитено подрачје.<br>-Усогласен режим на заштита со препораките од спроведените мисии на меѓународните конвенции.<br>-Обезбеден доволен број на човечки (стручен кадар), административни, просторни, технички и финансиски ресурси. | КР | РСМ |
| | | | **1.A.1.2** Пренесување на управувањето со заштитеното подрачје Студенчишко Блато на управувачкото тело на Споменикот на природата Охридско Езеро.<br>*(*поврзување со активност 1.A.2.3*) | МЖСПП во соработка со Субјект кој ќе управува со СП Охридско Езеро, | НР | -Пренесено управување со заштитено подрачје Студенчишко Блато на субјектот за управување со заштитено подрачје Охридско Езеро, по неговото основање, согласно Законот за заштита на природата.<br>-Вклучени членови од Советот на засегнати страни во новиот Совет на засегнати страни на заштитено подрачје Охридско Езеро и заштитеното подрачје Студенчишко блато. | КР | РСМ |
| | | | **1.A.1.3** Донесување на ПУ со заштитеното подрачје Студенчишко Блато. | МЖСПП, | НР | -Донесен ПУ со заштитеното подрачје Студенчишко Блато во рамките на законски утврдениот рок.<br>-Усогласен ПУ со заштитеното подрачје Студенчишко Блато со препораките од реализираните мисии на меѓународните конвенции. | КР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.A.1.4** Дислокација на пловните објекти од Студенчишкиот Канал, негова рехабилитација и враќање во функција на блатото. | МТВ во соработка со ОО, ЕСМ, | НР | -Донесена Одлука на Советот на општина Охрид за престанок со функционирање на Студенчишки канал како место за закотвување на пловни објекти.<br>-Број на дислоцирани пловни објекти.<br>-Количини на отстранет цврст отпад (потопени пловни објекти или нивни делови) и течен отпад (тиња, наталожени седименти).<br>-Обезбедена и редовно одржувана опрема за пумпање и аерација на вода, за да се спречи помор на риби сѐ до негово реставрирање.<br>-Реставрирани директни врски на Блатото и Студенчишка река (канал) и овозможување на доток на свежа вода во Блатото од Билјанини извори преку каналот.<br>-Пониски вредности на параметри кои се индикатори на органско и нутриентно оптоварување, а повисоки вредности на растворен кислород во примероци од вода земени од Блатото, по овозможување на директни врски со каналот.<br>-Вклучен Студенчишкиот канал во границите на заштитеното подрачје Студенчишко Блато. | СР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.1.5** Ревитализација на Студенчишко Блато со реставрација на хидролошка врска со Охридско Езеро. | МЖСПП во соработка со ХБЗ, ОО, Субјект кој ќе управува со Спomeникот на природата Охридско Езеро, | НР | -Количина на отстранет градежен и комунален шут.<br>-Број на остранети објекти од траен и времен карактер кои негативно влијаат на ИУВ на Блатото, вклучително и во крајбрежниот појас (заштитна зона на споменик на природа Охридско Езеро).<br>-Број на отворени „окна” заради добивање на отворена водена површина.<br>-Хектари реставрирано Студенчишко Блато.<br>-Вратена хидролошка врска помеѓу езерото и блатото со изведба на пропусти/ цевоводи/ дaлјани под пешачката патека.<br>-Возобновена фукнција на Блатото како мрестилиште за краповидни риби.<br>-Зголемена бројност на видови и единки на водни птици кои го користат блатото за престојувалиште и гнездилиште.<br>-Хектари ревитализирана реликтна заедница *Caricetum elatae*.<br>-Зголемена отпорност на влијанијата на климатските промени, преку обнова на екосистемските услуги. | СР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.А.2** | Заштита и воспоставување на систем за управување со Охридско Езеро. | 17 (2017);<br>(44 COM 7B.77, 2021). | **1.А.2.1** Дополнување на Студијата за ревалоризација на Охридско Езеро и Нацрт Планот за управување со споменик на природа Охридско Езеро<br><br>*(*поврзување со активност 3.2.1)* | МЖСПП во соработка со изработувачи на Студијата и во соработка со ХБЗ, | ВР | -Дополнети клучни видови на фауна и флора во Студијата со видови од Изјавата за исклучителната универзална вредност усвоена на 39. сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (Бон, Германија 2015 год., Одлука 39 COM 8E);<br>-Дополнета Листа на ограничени активности во Планот, со забрана за изградба на бетонски структури, камени ѕидови, од метал или дрво, забрана за палење на отворено и движење со моторни возила надвор од локалните патишта во заштитниот појас (50 м од КП 1/1 Охридско Езеро). | И | РСМ |
| | | | **1.А.2.2** Репрогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје во категорија III – споменик на природата согласно Законот за заштита на природата. | МЖСПП во соработка со ОО, | ВР | -Вградени препораки од мисиите на меѓународните конвенции со цел воспоставување на заштитен појас кој ќе обезбеди физичка поврзаност и непрекинатост на режими на заштита на двете заштитени подрачја (Охридско Езеро и Студенчишко Блато | И | РСМ |
| | | | | | | -Донесен Акт за репрогласување на Охридското Езеро за заштитено подрачје во категорија III – споменик на природата. | КР | |
| | | | **1.А.2.3** Воспоставување на субјект за управување со заштитеното подрачје Охридско Езеро и обезбедување на човечки, административни, просторни, технички и финансиски ресурси за работа на истиот. | МЖСПП во соработка со ОО, | НР | -Назначен и воспоставен субјект за управување со заштитеното подрачје Охридско Езеро и обезбедени ресурси за негово функционирање. | КР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.А.3** | Заштита на изворите на Охридското Езеро. | РММ (2017) и (2020). | **1.А.3.1** Дефинирање заштитни зони на извориште Свети Наум, кое се користи за конзумирање од страна на човекот | МЖСПП во соработка со ИЈЗ, ХБЗ, Јавно Претпријатие Проаква-Охрид, | ВР | -Изготвен Елаборат за дефинирање заштитни зони, на извориште Свети Наум, кое се кориси за конзумирање од страна на човекот.<br>-Донесена Одлука за заштитна зона за извориштето Свети Наум. | И | РСМ |
| | | | **1.А.3.2** Дефинирање на заштитни зони на извориште Билјанини Извори, кое се користи за конзумирање од страна на човекот. | МЖСПП во соработка со ИЈЗ, ХБЗ, Јавно Претпријатие Проаква-Охрид, | НР | -Изготвен Елаборат за дефинирање заштитни зони на извориште Билјанини Извори, кое се кориси за конзумирање од страна на човекот.<br>-Донесена Одлука за заштитна зона за извориштето Билјанини извори. | И | РСМ |
| **1.А.4** | Заштита и подобрување на природните вредности на Охридското Езеро. | 17 (2017); (2020). | **1.А.4.1** Изработка на приоритетната листа на клучни живеалишта од национално и европско значење и изработка на листа на статус на видови според IUCN класификација на загрозени приоритени видови на риби, безрбетници и алги во Охридско Езеро. | МЖСПП во соработка со ХБЗ, Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро, | НР | -Изработена приоритетна листа на живеалишта.<br>-Изработени Национални Црвени Листи на видови од Охридско Езеро, а се однесуваат на класите на риби, безрбетници и алги. | КР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.4.2** Дизајнирање и имплементирање мерки кои ќе овозможат долгорочна заштита на живеалиштата, обезбедување на поволен конзерваторски статус и заштита на приоритетните видови. | ХБЗ во соработка со Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро, | НР | -Изготвена програма на посебни мерки и акциски план на конзервација на живеалишта.<br>-Изготвена програма на посебни мерки и акциски планови за конзервација на клучни видови на алги, безрбетници и риби кои се дел од Изјавата за исклучителната универзална вредност.<br>-Изготвена мониторинг програма за клучните живеалишта и видовиот диверзитет во согласност со изготвените програми за конзервација. | КР | РСМ |
| | | | **1.А.4.3** Целосна забрана за улов на клучни приоритетни видови риби согласно Приоритетната листа до воспоставување вијабилни популации.<br><br>(**поврзување со активност од 1.Г.1.2 за прекуграничен мониторинг на биолошки параметри*). | **РСМ**: МЗШВ во соработка со ХБЗ, Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро,<br><br>**АЛ**: Надлежни институции, | ВР | -Донесен акт за забрана на лов на одделни видови риби.<br>- Изработена риболовна основа за Охридско Езеро со забрана за улов на клучни видови на риби.<br>-Воспоставени вијабилни популации. | И | РСМ-АЛ |
| | | | **1.А.4.4** Изработка на План за управување со јагулата (*Anguilla anguilla*) во согласност со Регулативата на ЕУ за јагули. | **РСМ**:<br><br>МЗШВ во соработка со надлежни министерства од останатите | ВР | -Изработен План за управување со јагулите кој вклучува мерки за заштита и зачувување. | СР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | држави во Дримскиот басен, | | -Континуирано порибување со подмладок од јагула (Anguilla anguilla) согласно донесениот План за управување со јагулата. | К | |
| | | | **1.А.4.5** Издавање на водостопанска согласност или дозволи во крајбрежниот појас во ширина од 50 метра од линијата на највисокиот утврден водостој на Охридското Езеро само за инфраструктурни објекти од државно значење и нивно временско ограничување. | МЖСПП, | НР | -Донесена Одлука за Издавање на водостопански согласности или дозволи во крајбрежниот појас во ширина од 50 метра од линијата на највисокиот утврден водостој на Охридското Езеро само за инфраструктурни објекти од државно значење и нивно временско ограничување на 2 години. | И | РСМ |
| **1.А.5** | Заштита од еутрофикација на Охридско Езеро од аквакултура, земјоделство и шумарство. | 17 (2017);<br>7g (2020). | **1.А.5.1** Забрана за одгледување на алохтони видови на сите притоки во сливот на Охридско Езеро и во сливните реки на Охридското Езеро. | МЗШВ во соработка со Државен Инспекторат за земјоделство, | НР | -Спречен внес на алохтон вид на риба во Езерото. | К | РСМ |
| | | | **1.А.5.2** Ограничување на капацитети за одгледување на риба и изградба на системи за прочистување на излезна вода од мрестилишта. | МЗШВ во соработка со ХБЗ, | НР | -Намален внес на нутриенти (нитрати и фосфати) во Езерото.<br>-Изведен систем за прочистување на отпадни води во ХБЗ.<br>-Намален внес на нутриенти во Блатото и непосредно во Езерото. | СР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.5.3** Отстранување на риболовната опрема и другиот отпад од дното на Охридското Езеро. | **РСМ**: МЗШВ во соработка со ХБЗ, Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро, **АЛ:** Надлежни институции | ВР | -Број/количина/должина на отстранети мрежи, риболовна опрема и друг вид на отпад од дното на Охридско Езеро.<br>-Број на организрани кампањи за чистење на дното.<br>-Подобрување на состојбата на дното.<br>-Организирани кампањи за подигнување на свеста кај рибарите и обележување со QR кодови на риболовната опрема. | К | РСМ -АЛ |
| | | | **1.А.5.4** Изработка на долгорочна стратегија за одржливо земјоделство во Охридскиот регион со цел намалување на загадување на езерото. | МЗШВ во соработка со ОО, ОС, ОД, | НР | - Изработена долгорочна Стратегија за одржливо земјоделство со презвемање на сите мерки од ПУ со сливот на Охридско Езеро. | СР | РСМ |
| | | | **1.А.5.5** Донесување оперативен план за заштита на водите од нитрати за период од четири години. | МЗЖВ во соработка со МЖСПП, МЗ, | НР | -Донесување на оперативен план за заштита на водите од нитрати за период од четири години.<br>-Делинеирани водни тела во согласност со Директивата за заштита на водите од загадување предизвикано од нитрати од земјоделски извори.<br>-Дефинирани забрани или ограничувањата во врска со употребата на земјиштето и вршењето на земјоделските активности во означените зони, заради имплементација на мерките од планот. | СР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.5.6** Ревитализација на рипарски појас и блатни екосистеми во крајбрежје на Езерото.<br>(**поврзување со активност од 1.А.1.5*) | ХБЗ во соработка со Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро, | НР | -Повисок индекс на крајбрежната функционалност на езерскиот брег и подигнување на степенот на заштита на брегот од зона I-б и зона I-а согласно ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.<br>-Хектари возобновен рипариски појас на притоките.<br>-Хектари реставрирани блата согласно Принципи и упатства за реставрација на блата на Рамсарската Конвенција.<br>-Хектари обновен појас на трска на одредени локации, посочени од ХБЗ.<br>-Намален внес на ѓубрива и пестициди во езерото, а со тоа подобрен квалитет на водата.<br>-Примена на решенија базирани на природа (Nature- based solutions).<br>-Адаптација кон климатски промени и обезбедување на екосистемски услуги. | ДР | РСМ |
| **1.А.6** | Заштита на водите од сливот на Охридско Езеро од користење хидропотенцијал. | РММ (2020). | **1.А.6.1** Преиспитување на постапките за доделени концесии и стопирање на постапки за изградба нови мали хидроцентрали во сливот на Охридско Езеро / слив на Црн Дрим согласно препораките на Бернската конвенција. | МЖСПП во соработка со МЕ,<br>МТВ,<br>РКЕ, | НР | -Број на стопирани постапки.<br>-Број на раскинати концесии. | СР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.A.6.2** Измена на Закон за заштита на природа со забрана за изградба на нови хидроелектрани и строга контрола на функционирање на постоечките во граници на Доброто. | МЖСПП, | НР | -Изменет закон за заштита на природата.<br>-Зајакната контрола на работењето на постоечки хидроелектрани.<br>-Зголемени казни за непроценливите штети врз природата од функционирање на Хидроелектраните. | СР | РСМ |
| **1.A.7** | Воспоставување на систем за управување со отпадот. | 16 (2017);<br>2.b, 7.d (2020). | **1.A.7.1** Формирање на регионално Јавно Комунално Претпријатие за управување со отпад. | Центри за развој на ЈЗПР, Пелагониски Плански регион, | ВР | -Функционално регионално Јавно Комунално Претпријатие за управување со отпад. | СР | РСМ |
| | | | **1.A.7.2** Изградба на регионална депонија за ЈЗПР со придружна инфраструктура, набавка на опрема за селекција, собирање и транспорт на отпадот. | МЖСПП во соработка со Центар за развој на ЈЗПР, Пелагониски Плански регион, | ВР | -Изградена регионална депонија надвор од границите на Доброто.<br>-Број на набавени камиони за собирање и транспорт.<br>-Број/количина и распространетост на набавени и поставени контејнери. | СР | РСМ |
| | | | **1.A.7.3** Изработка на УП за трансфер станици „Мауцкер“ и „Струга“. | ОО,<br>ОС,<br>во соработка со,<br>МЖСПП, | ВР | -Изработени УП за трансфер станици „Мауцкер“ и „Струга“. | СР | РСМ |
| | | | **1.A.7.4** Изградба на трансфер станици „Мауцкер“ и „Струга“согласно со ЕУ стандардите. | ОО,<br>ОС,<br>во соработка со<br>МЖСПП, | НР | -Изградени трансфер станици „Мауцкер“ и „Струга“согласно со ЕУ стандардите. | СР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.7.5** Расчистување и ремедијација на нестандардните депонии „Буково“ и „Струга“. | ОО, ОС во соработка со, МЖСПП, | НР | -Расчистени и санирани нестандардни депонии „Буково“ и „Струга“. | ДР | РСМ |
| | | | **1.А.7.6** Затварање на нестандардните депонии „Буково“ и „Струга“. | ОО, ОС во соработка со, МЖСПП, | НР | -Затворени нестандардни депонии „Буково“ и „Струга“. | ДР | РСМ |
| | | | **1.А.7.7** Превенција на употребата на пластика за еднократна употреба | МЖСПП во соработка со ДИЖС, ОО | ВР | -Спроведени кампањи за едукација на угостителите во Охридскиот регион за употреба на алтернативни еколошки пакувања.<br>-Број на извршени инспекциски контроли на угостителските објекти во крајбрежниот појас заради почитување на забраната за употреба на пластично пакување за еднократна употреба. | К | РСМ |
| **1.А.8** | Преземање на ефективни мерки за заштита на Старите градски јадра на Охрид и Струга. | 18 (2017);<br>(44 COM 7B.77, 2021). | **1.А.8.1** Зачувување на автентичноста и интегритетот (амбиенталната, визуелната, историската и типолошката вредност) на Старите градски јадра со строга контрола на доградби, надградби и реконструкции. | ЗЗСКМ-Охрид во соработка со УЗКН, МК, ОО, ОС, | ВР | -Зачувани и конзервирани поединечно заштитени објекти во изворна состојба.<br>-Конзервација, санација и зачувување на амбиенталните објекти во нивните постојани габарити.<br>-Спречување да се градат нови објекти во габарит кој негативно влијае на амбиенталните вредности на целината.<br>-Спречена реализација на доградби и надградби во поголем габарит.<br>-Јавен регистар на недозволени и несвојствени доградби, надградби и реконструкции во Старите градски јадра и план за нивно отстранување / ремедијација. | КР/К | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.8.2** Отстранување на сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти. | ЗЗСКМ-Охрид во соработка со УЗКН, ОО, ОС | ВР | -Извршена евиденција и изработена листа за отстранување со дадена временска рамка, со приоритетно отстранување на инсталалации на објекти кои се поставени на поединечно заштитени добра и на амбиентални објекти кои се наоѓаат на прометни улици.<br>-Процент на отстранети сончеви колектори и фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации од заштитени културни добра и амбиентални објекти (50 % до крајот на 2024 година). | И | РСМ |
| | | | | | | -Спроведен редовен мониторинг (на годишно ниво) на состојбата на Старото градско јадро на Охрид во однос на несоодветни инсталации поставени на заштитените и амбиенталните објекти. | К | |
| | | | **1.А.8.3** Отстранување на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти. | ЗЗСКМ-Охрид во соработка со УЗКН, ОО, ОС, | НР | -Извршена евиденција на објекти на кои се поставени комерцијални и светлечки реклами и изработена листа за отстранување со дадена временска рамка, со приоритетно отстранување на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами кои се поставени на поединечно заштитени добра и на амбиентални објекти кои се наоѓаат на прометни улици.<br>-Процент на отстранети комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами од заштитени културни добра и амбиентални објекти (50 % до крајот на 2024 година, останатите до крајот на 2025 година). | И | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | -Спроведен редовен мониторинг (на годишно ниво) на состојбата на Старото градско јадро на Охрид во однос на комерцијални и светлечки рекламни паноа поставени на/покрај заштитените и амбиенталните објекти. | К | |
| | | | **1.А.8.4** Регулирање на моторизираниот сообраќај во стариот дел на Охрид, со временски рокови за пристап и ограничувања за паркирање на строго одредени локации, повикувајќи се на примери на добри практики. | ОО во соработка со ЗЗСКМ-Охрид, | ВР | -Изработена анализа на странски компаративни искуства.<br>-Утврден и применет режим на сообраќај и режим на паркирање во Старото градско јадро на Охрид. | КР | РСМ |
| | | | **1.А.8.5** Поставување и/или замена на соодветна урбана опрема во старото градско јадро на Охрид. | ОО во соработка со ЗЗСКМ, | НР | -Заменета несоодветна урбана опрема.<br>-Поставена соодветна урбана опрема во Старото градско јадро на Охрид. | КР | РСМ |
| | | | **1.А.8.6** Замена на несоодветно поплочување на улиците во старото градско јадро на Охрид со соодветни автентични материјали. | ОО во соработка со ЗЗСКМ, | НР | -Заменети несоодветни поплочувања на улиците во Старото градско јадро на Охрид со соодветни автентични материјали. | КР | РСМ |
| | | | **1.А.8.7** Архитектонско-урбанистичко уредување на јавните простори и летните сцени во старото градско јадро на Охрид. | ОО во соработка со ЗЗСКМ-Охрид, | НР | -Објавени архитектонско-урбанистички конкурси за поединечни јавни простори и летни сцени (Долни Сарај, летна сцена во предворјето на Св. Софија, антички театар, Самуилова тврдина).<br>-Избор на соодветни решенија кои нема да влијаат на исклучителната универзална вредност.<br>-Имплементирани проекти.<br>-Уредени јавни простори и летни сцени во Старото градско јадро на Охрид. | КР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.А.9** | Унапредување на системот за следење на водите во сливот на Охридското Езеро. | 17 (2017);<br>3.I (2020). | **1.А.9.1** Надградба и подобрување на мониторинг на национално ниво на квантитет и квалитет на водните тела од сливот на Охридско Езеро во согласност со ПУ со сливот на Охридското Езеро и ПУ со споменикот на природата Охридско Езеро. | УХМР,<br>ХБЗ,<br>ИЈЗ, | ВР | -Набавена и инсталирана соодветна опрема за мониторинг на квантитет и квалитет на водните тела од сливот на Охридско Езеро и обезбедена современа лабараториска опрема и софтвер.<br>-Целосно воспоставен и функционален мониторинг систем на сливот на Охридско Езеро согласно ПУ со спомеником на природата Охридско Езеро со оперативни мониторинг мрежи кои обезбедуваат континуирано мерење на волуменот, нивото, или протокот до степен релевантен за еколошката и хемиската состојба и еколошкиот потенцијал на површинксите водни тела и мониторинг на подземните води кој опфаќа хемиската и квантитативната состојба согласно РДВ и националното законодавство.<br>-Доставени годишни Извештаи од мониторингот кој го спроведуваат УХМР, ХБЗ и ИЈЗ согласно барањата на националната регулатива до МЖСПП. | КР | РСМ |
| | | | | | | -Редовно објавени и јавно достапни податоците од мониторингот на водите на официјалните веб страници на институциите.<br>-Подготвена анализа за количеството на внес на нутриенти во езерото со предложени мерки. | К | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 13 (2017);<br>5.f, 7.a, (2020). | **1.A.9.2** Зајакнување на системот на мониторинг, контрола и размена на податоци од испуштање на езерските води во Црн Дрим и водостојот на езерото од страна на ЕСМ и УХМР. | МЖСПП во соработка со УХМР, ЕСМ (ХЕЦ „Црн Дрим“), Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро, | ВР | -Воспоставен координиран мониторинг систем помеѓу УХМР и ЕСМ во однос на испуштање на езерските води во Црн Дрим и водостојот на езерото со поставување на автоматски систем на отворање / затварање на одливот во однос на биолошкиот проток.<br>-Набавена и инсталирана опрема за мониторинг на испуштањето на езерските води во Црн Дрим и водостојот на езерото и соодветен софтвер за размена на податоци.<br>-Доставени годишни Извештаи од мониторингот кој го спроведуваат УХМР и ЕСМ согласно барањата на националната регулатива до МЖСПП. | КР | РСМ |
| | | | | | | Редовно објавени и јавно достапни податоците (on-line) од мониторингот на испуштањето на езерските води во Црн Дрим и водостојот на езерото на официјалните веб страници на институциите. | К | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.9.3** Зајакнување на системот на мониторинг, контрола и доставување на податоци од испуштањето на отпадните води во сливот на Охридското Езеро. | ОС,<br>ОО во соработка со ДИЖС,<br>МЖСПП,<br>сите инсталации кои испуштаат отпадна вода, | ВР | -Воспоставен систем на редовно следење на испуштањето на отпадните води во сливот на Охридското Езеро и редовна контрола на истите.<br>-Број на евидентирани законски испуштања на отпадна вода во Охридското Езеро, неговите притоки и Црн Дрим со утврдени кординати на точки на испуст дадени во Gauss Kruger X, Y.<br>-Вкупен број на евидентирани незаконски испуштања на загадени води во Охридското Езеро, неговите притоки и Црн Дрим со утврдени кординати на точки на испуст дадени во Gauss Kruger X, Y.<br>-Донесен годишен план за контрола на загадувачите на водите од страна на ДИЖС.<br>-Процент на поднесени обвиненија / изречени казни против лица/компании. | КР | РСМ |
| | | | | | | Воспоставен јавно достапен и ажуриран регистар на загадувачи на водите согласно Законот за животна средина на подрачјето на општините во Охридскиот регион (со вклучени индустриски капацитети кои загадените води ги одведуваат во септички јами).<br>-Воспоставена јавно достапна карта на загадувачи на Охридскиот регион и н редовно одржување на картата. | К | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.9.4** Надградба и подобрување на мониторинг на квалитетот на водите за капење согласно националната регулатива. | **РСМ**: ИЈЗ, **АЛ**: Надлежни институции, | ВР | -Набавена и инсталирана опрема за мониторинг на водите за капење и соодветен софтвер за размена на податоци.<br>-Доставени годишни извештаи од мониторинг на водите за капење согласно барањата на Правилникот за водата за капење.<br>-Целосно воспоставен и функционален мониторинг систем за следење на квалитетот на водите за капење на сливот на Охридско Езеро согласно законската регулатива со оперативни мониторинг станици кои обезбедуваат континуирано мерење. | КР | РСМ-АЛ |
| | | | | | | Редовно објавени и јавно достапни податоци (on-line) од мониторингот на водите за капење во езерото на официјалните веб страни на институциите.<br>-Објавени податоците на дневна основа на огласни табли на местата кои се утврдени како капалишта согласно законската регулатива. | К | |
| **1.А.10** | Зајакнување на мерките за заштита на културното наследство во Охридскиот регион. | 5.e, 5.i (2020). | **1.А.10.1** Изработка на Елаборат за ревалоризација на културното наследство со инвентар на културни добра во Охридскиот регион и донесување на акт за негово репрогласување за културно наследсто. | **РСМ:** ЗЗСКМ-Охрид во соработка со УЗКН,<br>**АЛ:** НИКН, МЕКИ, РДКН, | ВР | -Изработен Елаборат за ревалоризација на културното наследство со инвентар на културни добра во Охридскиот регион, со иденфикација на доброто (граници и контактна зона), со утврдена постојна состојба, со дефинирани режими на заштита по зони и со интегрирани аспекти за заштита на природата<br>-Донесен акт за заштита на културното наследство во Охридскиот регион. | КР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.10.2** Изработка на приоритетна листа за конзервација на културното наследство во Охридскиот регион. | **РСМ:** ЗЗСКМ-Охрид во соработка со УЗКН, МК,<br><br>**АЛ:**<br>НИКН<br>МЕКИ<br>РДКН | НР | -Извршени увиди во состојбата на културното наследство.<br>-Донесена приоритетна листа за конзервација на загрозено културно наследство во Охридскиот регион.<br>-Донесена програма за повеќегодишно финансирање на конзервацијата на културното наследство, со предвидени итни конзерваторски зафати во следните 5 години. | И | РСМ-АЛ |
| | | | **1.А.10.3** Прогласување на досега незаштитени добра (особено од вернакуларната архитектура, објекти од еклектиката, модерната) за културно наследство. | **РСМ:** ЗЗСКМ-Охрид во соработка со УЗКН, МК,<br><br>**АЛ:**<br>НИКН<br>МЕКИ<br>РДКН | НР | -Изработена приоритетна листа на потенцијални добра кои треба ургентно да се прогласат за културно наследство.<br>-Изработени елаборати за валоризација за потенцијалните добра.<br>-Донесени решенија за прогласување на добра за културно наследство. | И | РСМ-АЛ |
| **1.А.11** | Зајакнување на мониторингот на културното наследство во Охридскиот регион. | 19 (2017). | **1.А.11.1** Набавка на современа техничка опрема за конзерваторски мониторинг и современа опрема и софтвер за документирање на културното наследство. | **РСМ:** ЗЗСКМ-Охрид во соработка со МК,<br><br>**АЛ:**<br>НИКН<br>МЕКИ<br>РДКН | НР | -Набавена и инсталирана опрема за конзерваторски мониторинг и современа опрема и софтвер за документирање на културното наследство. | СР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.A.11.2** Континуирано следење на состојбата на културното наследство во Охридскиот регион и вршење на постојан конзерваторски и археолошки мониторинг. | **РСМ:** ЗЗСКМ-Охрид во соработка со УЗКН,<br><br>**АЛ:**<br>НИКН<br>МЕКИ<br>РДКН | ВР | -Воспоставен систем за мониторинг на културното наследство во Охридскиот регион.<br>-Јавно објавени извештаи од резултатите на мониторингот.<br>-Воспоставен јавно достапен регистар со можност за дигитално пријавување на оштетувања и потенцијални ризици по културното наследство. | КР | РСМ-АЛ |
| **1.A.12** | Воспоставување на систем за контрола и мониторинг на туристичките активности во Националниот парк Галичица. | 7.i (2020). | **1.A.12.1** Пресметка на капацитет на носивост на територијата на паркот каде се дозволени туристички активности (во согласност со зонирањето на паркот според ПУ со Националниот парк Галичица). | ЈУНПГ, | ВР | -Донесена и јавно објавена методлогија за пресметка на капацитетот на носивоста.<br>-Пресметан капацитет на носивост на Националниот парк Галичица за сите видови дозволени туристички активности (согласно ПУ со Националниот парк Галичица) и максимален број на посетители.<br>-Објавени резултатите од пресметката на веб-страницата на ЈУНПГ, Општина Охрид и Општина Ресен. | КР | РСМ |
| | | | **1.A.12.2** Изработка на проценка на влијанието на турите со оф-роуд возила во рамки на Националниот парк Галичица врз неговите заштитени живеалишта и видови. | ЈУНПГ, (ангажирање консултанти доколку е потребно), | НР | -Изработена Студија за оценка на влијанието од турите со оф-роуд возила во рамки на Националниот парк Галичица врз неговите заштитени живеалишта и видови.<br>-Објавена Студија за оценка на влијанието на веб-страницата на ЈУНПГ. | КР | РСМ |
| | | | **1.A.12.3** Регулирање на режим и обврски на оператори на тури и организатори на настани во Националниот парк Галичица. | ЈУНПГ во соработка со ОО, | ВР | -Регулиран режим и обврски на оператори кои организираат тури / настани во Националниот парк Галичица. | КР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.A.12.4** Употреба на современи методи за контрола на движење со моторни возила во Националниот парк Галичица. | ЈУНПГ во соработка со Меѓународни фондови ОО, | НР | -Воведено задолжително поставување на гпс-систем на возилата на тур операторите, преку којшто се врши надзор на траекторија на движење во Националниот парк Галичица. | КР | РСМ |
| **1.A.13** | Зајакнување на контролата на внатрешната пловидба во согласност со планските документи за Охридскиот регион и сливот. | 7 (2017);<br>I (2020). | **1.A.13.1** Анализа на пловила во Охридското Езеро (изработка и редовно ажурирање на база на податоци за: бројност, состојба, тип, погон, одржување, функционалност итн. на пловилата). | МТВ, во соработка со Капетанија, Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро, | НР | -Направена анализа на пловила во Охридското Езеро и објавена на веб-страниците на надлежните установи. | И | РСМ |
| | | | **1.A.13.2** Пресметка на капацитет на носивост на пловила во Охридското Езеро. | МТВ во соработка со Капетанија, Субјект кој ќе управува со СП Охридско Езеро (ангажирање консултанти доколку е потребно), | НР | -Направена пресметка на капацитет на носивост на пловила во Охридското Езеро и објавена на веб-страниците на надлежните установи. | КР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.13.3** Воспоставување на систем за контрола на внатрешната пловидба во Охридското Езеро согласно ПУ со споменикот на природа Охридско Езеро со воведување на современ систем на регистрација и следење на пловните објекти со gps уреди.<br><br>-маркација на дозволени патеки/зони за пловидба, зони за риболов.<br><br>-сидрење и пристанување во согласност со студијата за ревалоризација и планот за управување со езерото.<br><br>-утврдување на максимално дозволени километри дневно по пловило или брзина на движење.<br><br>-рестрикции за употреба на вид на пловила идентификувани како штетни во Студијата за револоризација на споменикот на природата Охридско Езеро до донесување на Планот за управување со споменикот на природа Охридско Езеро. | МТВ во соработка со Капетанија, Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро, | НР | -Воспоставен современ систем за регистрација на пловила и контрола на внатрешната пловидба во Охридското Езеро, преку:<br><br>-Воведен систем на следење на пловните објекти со gps уреди.<br><br>-Утврдена маркација на дозволени патеки/зони за пловидба, зони за риболов.<br><br>-Воспоставен систем на контрола на сидрење и пристанување во согласност со студијата за ревалоризација и ПУ со споменикот на природата Охридско Езеро, како и<br><br>-Утврдени максимално дозволени километри дневно по пловило.<br><br>-Воведени рестрикции на одреден вид на пловила идентификувани како штетни во Студијата за ревалоризација на споменик на рирода Охридско Езеро. | СР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.А.13.4** Етапна замена на мотори со внатрешно согорување со современи сертифицирани еколошки мотори во согласност со ПУ со споменикот на природата Охридско Езеро. | **РСМ**: МТВ во соработка со Капетанија, Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро, **АЛ**: Релевантни институции | ВР | -Заменети мотори на внатрешно согорување со еколошки мотори. -Воведена програма за субвенционирање на етапната замена на моторите на пловилата во Споменикот на природата Охридско Езеро со еколошки мотори. | СР | РСМ-АЛ |
| **1.А.14** | Дефинирање и воспоставување контактна зона на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион. | 10 (2017); 5.h (2022). | **1.А.14.1** Дефинирање на контактна зона на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со дозволени и забранети активности и заштитни мерки согласно ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион. *(*поврзување со активност **2.4.3**)* | МЖСПП во соработка со МК, УЗКН, | НР | -Воспоставена контактна зона на Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со вклучување на Преспанското Езеро во контактната зона. -Дефинирани дозволени и забранети активности и заштитни мерки во контактната зона. | И | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.A.15** | Зајакнување на Комитетот за управување со прекуграничниот слив. | 3.a (2020). | **1.A.15.1** Унапредување на составот со вклучување на носители на одлуки од највисоко ниво со кое ќе се гарантира дека се овластени да преземат одлуки на високо ниво и, пропорционално, на членовите на Секретаријатот на Комитетот за управување со сливот. | **АЛ**: Министерство за Европа и надворешни работи,<br><br>**РСМ**: Влада на РСМ, | ВР | -Одржан конститутивен состано на новиот состав на Комитетот за управување со сливот на Охридското Езеро.<br>- Редовно одржување на состаноци на Комитетот. | И/К | АЛ-РСМ |
| | | | **1.A.15.2.** Донесување на нов Деловник за работа на Комитетот со цел да се гарантира неговото ефективно функционирање | **АЛ**: Министерство за Европа и надворешни работи,<br><br>**РСМ**: МЖСПП во соработка со МК, МЗШВ, Локална самоуправа, | ВР | -Донесен Деловник за работа. | И | АЛ-РСМ |
| **1.A.16** | Воспоставување и обезбедување на ефективно функционирање на проширениот Комитет за управување со заштитениот предел на Поградец (ЗПП) предвиден со Додатокот за светско наследство кон Планот | 3.b (2020);<br>(43 COM 8B.9, 2019). | **1.A.16.1** Целосно имплементирање на ПУ и неговиот Додаток обезбедувајќи формално одобрување од сите релевантни чинители. | МТЗЖС, ОП, МЕКИ, РДКН, НИКН, | Р | -Редовни состаноци на Комитетот за управување 4 години по ред, на кои ќе се поканува сите релевантни чинители.<br>-ПУ и неговиот Додаток континуирано се применуваат преку публикации, состаноци и активности презентирани на официјалниот Фејсбук профил на општина Поградец: Bashkia Pogradec. | К | АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | за управување со ЗПП. | 3.c (2020). | **1.А.16.2** Давање мандат на проширениот Комитет за управување со ЗПП да ја следи имплементацијата на Стратегискиот план за рехабилитација на национално ниво. | МТЗЖС, | ВР | -Даден мандат за следење на спроведувањето на Стратегискиот план за рехабилитација | И | АЛ |
| **1.А.17** | Зајакнување на рамката за управување на прекугранично и национално ниво<br><br>3 (2020) | 2.d (2020);<br><br>(43 COM 8B.9, 2019). | **1. А.17.1.** Изработка на инвентар за Општина Поградец сличен на оној изготвен за Општина Охрид и продолжување со проценка на негативните влијанија врз ИУВ на доброто, неговите атрибути и одредување на приоритетите за уривање. | ОП, | ВР | -Изработен инвентар за Општина Поградец. | КР | АЛ |
| | | 5.e (2020);<br><br>(43 COM 8B.9, 2019). | **1.А.17.2.** Изработка на план за дополнување на инвентарот за недвижно културно наследство, вклучително и археолошки локалитети. | НИКН, NIRCH, РДКН, Институт за археологија/ Академија на науките | Р | -Изготвен план. | СР | АЛ |
| **1.А.18** | Зајакнување на мониторингот на доброто | | **1.А.18.1.** Мониторинг на пејзажните категории како што се крајбрежните зони, реките, шумите и планините врз основа на законските акти за природното наследство. | **АЛ**: МТЗЖС/НАПА,<br><br>**РСМ**: МЖСПП, | ВР | -Број на извештаи од мониторингот. | К | АЛ-РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (43 COM 8B.9, 2019). | **1.A.18.2.** Периодично ажурирање на состојбата на конзервација на остатоците од црквата во Лин и нејзиното заштитено подрачје (ажурирање на датотеката на споменикот) на годишно ниво. | РДКН, | ВР | -Ажурирано досие на споменикот на годишно ниво (спроведени интервенции, фотографии и графики). | К | АЛ |
| | | (43 COM 8B.9, 2019). | **1.A.18.3.** Периодично одржување на остатоците од мозаиците на црквата во Лин и заштитеното подрачје од страна на одредениот технички персонал од РДКН. | РДКН, | ВР | -Изработен Извештај за извршените работи за одржување. | К | АЛ |
| | | 5.j (2020);<br>(43 COM 8B.9, 2019). | **1.A.18.4.** Обезбедување на технички персонал назначен за следење на археолошките остатоци на црквата во Лин, начини за следење на посетителите за статистички цели и за подобрување на интерпретацијата на доброто. | РДКН, | ВР | -Изготвена Статистика на посетители на месечно ниво. | К | АЛ |
| | | 2.f (2020); | **1.A.18.5.** Оцена на влијанијата од поранешната и активната рударска активност во околината на доброто врз неговите ИУВ и атрибути и обезбедување на трајно затворање и санирање на сите рударски активности за кои е докажано дека имаат негативни влијанија. | **АЛ**: МТЗЖС/НАПА, ОП, | ВР | -Следи, известува, придонесува за рехабилитација. | К | АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3.l (2020). | **1.А.18.6** Осигурување дека сите вклучени институции и администрации ги спроведуваат управувачките активности за кои се одговорни, преку соодветни механизми за следење и одговорност. | **АЛ** и **РСМ**: Сите вклучени институции (национални и локални), | ВР | -Број на управувачки активности. | К | АЛ-РСМ |
| | | 3.j (2020). | **1.А.18.7** Следење на квалитетот на водата, активности за чистење на плажите, зголемување на бројот на канти. | ОП, РАПА, | ВР | -Воспоставен мониторинг на квалитет на вода;<br>-Број на акции за чистење на плажи и поставени канти; | К | АЛ |
| **1.А.19** | Јакнење на учеството на заедницата во управувањето, конзервацијата и следењето на доброто | 8.a (2020);<br>(43 COM 8B.9, 2019). | **1.А.19.1** Промовирање на активна соработка помеѓу властите и граѓанското општество со обезбедување на отворени состаноци на раководството за јавноста.<br><br>(**поврзување со активност 1.В.5.1*). | **АЛ**: ОП,<br><br>**РСМ**: ОО, ОС, ОД, | ВР | -Список на учесници на состаноците и записник од состанокот. Презентирана активност на официјалниот Фејсбук профил на Општина Поградец: Bashkia Pogradec (Faqe Zyrtare). | К | АЛ-РСМ |
| | | | **1.А.19.2** Олеснување на пристапот до официјални информации во врска со управувањето и спроведувањето на препораките на Комитетот за светско наследство. | **АЛ и РСМ**: Сите инволвирани институции (национални и локални), | ВР | -Податоците за Светското наследство од веб страната на Центарот за светско наследство, достапни на официјалната веб-страница на националната регионална и официјална веб-страница на Општина Поградец. | К | АЛ-РСМ |

| I.Б | **Стратегиска цел: Правна рамка за интегрирана заштита и управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион (43 COM 8B.9, 2019);** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Б.1** | Допрецизирање на законската рамка со цел заштита на природното и културното наследство. | 19 (2017);<br>6 (2020) | **1.Б.1.1** Пропишување на постапка за изработка на Оцена на влијанието врз културното наследство (ОВКН) во Законот за заштита на културното наследство. | **РСМ:** МК во соработка со УЗКН,<br>**АЛ:** МЕКИ во соработка со НИКН | ВР | -Дефинирани проекти, активности, планови, градби во Охридскиот регион за кои ќе биде потребно да се изработи оцена на влијанието.<br>-Дефинирана потребна стручност за добивање на лиценца.<br>-Пропишана постапка за изработка на Оцена на влијанието врз културното наследство (ОВКН). | ДР | РСМ-АЛ |
| | | | **1.Б.1.2** Донесување на Националната Методологија за изработка на Оцена на влијание врз природно и културно наследство согласно Водичот за оцена на влијанијата во контекст на светско наследство на УНЕСКО (UNESCO (2022) *Guidance and Toolkit for Impact Assessments in a World Heritage Context*, Paris, World Heritage Centre.[2] | Влада на РСМ, | ВР | -Стручен превод на Водичот на македонски и албански јазик.<br>-Имплементација на истиот како дел од националната регулатива. | И | РСМ-АЛ |

[2] Достапен на: https://whc.unesco.org/en/guidance-toolkit-impact-assessments/).

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 19 (2017) | **1.Б.1.3** Донесување на нов Закон за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион | МК во соработка со МЖСПП, | ВР | -Донесен нов Закон за управување со светското прироно и културно наследство на Охридскиот регион во кој е содржана правна основа за донесување на Правилник со кој ќе се пропишат заштитните зони и мерките за заштита на природното и културното наследство за секоја зона, како и зголемување на надлежностите на Комисијата за управување, со цел овозможување на ревитализација на урбанистичко-архитектонските вредности на културното наследство во Охридскиот регион и зголемување на контролата врз утврдувањето на правниот статус на бесправно изградените објекти.<br>-Зајакнат составот на Комисијата за управување (како експертско тело).<br>-Избрани претставници на граѓанските здруженија за членови на Комисијата за управување врз основа на јасни и прецизни критериуми.<br>-Задолжителна примена на мислењата кои ги донесува Комисијата за управување. | КР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.Б.1.4** Измена на ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.<br><br>*(*поврзување со активност 2.6.1)* | МК во соработка со МЖСПП, | НР | -Изменет ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион согласно изменетиот Закон за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, со засилени режими на заштита по зони (вклучително измена на зоната на заштита на Студенчишко блато и крајбрежјето до Блатото согласно Актот за негово прогласување за заштитено подрачје, Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро, Рамсарскиот локалитет Охридско Езеро и изработениот Урбанистички план од државно значење за крајбрежјето на Охридското Езеро) и мерки на заштита на крајбрежјето во урбаните средини. | СР | РСМ |
| **1.Б.2** | Зајакнување на мерките за заштита на Старото градско јадро на Охрид. | 19 (2017). | **1.Б.2.1** Изменување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење заради зајакнување на утврдените режими на заштита. | МК во соработка со УЗКН, ЗЗСКМ-Охрид, ОО, | ВР | -Изменет Закон за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење, со што ќе се забрани/ограничи можноста за доградби и надградби во заштитеното порачје и ќе се спречи засилената урбанизација.<br><br>-Подобрени стручни контроли и конзерваторски одобренија. | КР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.Б.2.2** Ревидирање на Законот за градење заради зајакнување на заштитата на старите јадра. | МТВ, | ВР | - Ревидиран Закон за градење:<br>-Изменет членот 59-ѕ во контекст на иземање на заштитените јадра од можноста за надградба со примена на членот 59-ѕ од Законот за градење.<br>-Редефинирани поимите урбана опрема и времени објекти.<br>-Усогласен поимот „реконструкција“ со поимот „реконструкција“ од Законот за заштита на културното наследство.<br>-Преиспитани категориите на градби за кои не е потребно одобрение за градење.<br>-Редефиниран членот 78-г од Законот во насока на ограничување на неговата примена во Охридскиот регион и во другите заштитени подрачја. | И | РСМ |
| **1.Б.3** | Обезбедување на правен механизам за одржливо финансирање на ЈУНПГ. | 5.g (2020). | **1.Б.3.1** Дополнување на одредбите за финансирање на заштитените подрачја во Законот за заштита на природата. | ЈУНПГ во соработка со МЖСПП, | НР | -Донесен нов Закон за заштита на природата со дефинирани надоместоци за одржливо финансирање.<br>-Целосно напуштено финансирање од сеча на шума.<br>-Воведена наплата на екосистемски услуги.<br>-Заштита на биолошката разновидност, подобрен биомониторинг и одржливо работење на ЈУНПГ.<br>-Сооднос на вкупниот годишен прилив на средства кои ги добиваат ЈУНПГ, Споменикот на природата Охридско Езеро и паркот на природата Студенчишко блато и вкупен износ на расходи. | СР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Б.4** | Зајакнување на правната рамка за внатрешна пловидба во согласност со ПУ со спомeник на природата Охридско Езеро и ПУ со сливот на Охридското Езеро. | 7 (2017);<br>7.I (2020). | **1.Б.4.1** Измена и дополнување на Законот за внатрешна пловидба со цел контрола на регистрирањето, користењето и одржувањето на пловилата дозволени согласно ПУ со спомeникот на природата Охридско Езеро. | МТВ во соработка со Капетанија, | НР | -Изменет и дополнет Законот за внатрешна пловидба и воспоставена контрола врз регистрирањето, користењето и одржувањето на пловилата дозволени согласно ПУ со спомeникот на природата Охридско Езеро. | СР | РСМ |
| **1.Б.5** | Подобрување на правната рамка за културното наследство | 5.b (2020);<br>(43 COM 8B.9, 2019). | **1.Б.5.1**. Спроведување на одредбите од Законот 27/2018 за културно наследство и Музеи, особено оние кои се однесуваат на заштитата на културниот пејзаж. | МК-АЛ, НИКН, NIRCH, РДКН, | Р | -Број на донесени подзаконски акти. | ДР | АЛ |
| | | 5.c (2020). | **1.Б.5.2**. Нацрт-предлог за прогласување на целиот полуостров Лин според одредбите од Закoнот за културно наследство и Музеи. | МК-АЛ, НИКН, NIRCH, РДКН, | ВР | -Усвоен проглас. | СР | АЛ |
| **I.В** | **Стратегиска цел: Јакнење на финансиските и на стручните капацитети и подигнување на јавната свест (43 COM 8B.9, 2019)** | | | | | | | |
| | | | **1.В.1.1** Административна, стручна и техничка поддршка во работата на Комисијата за управување преку основање на посебна организациона единица во Владата на РСМ, која ќе врши и мониторинг на реализација на Стратегискиот план за рехабилитација. | Генерален секретаријат на Владата на РСМ, | НР | -Формирана организациона единица за административна, стручна и техничка поддршка во работата на Комисијата за управување.<br>-Формирана посебна потстраница за Охридскиот регион во рамките на веб страница на Владата на Р.Северна Македонија, на која редовно ќе се објавуваат документи за Охридскиот регион и известувања за степенот на реализација на мерките од Стратегискиот план за рехабилитација со релевантни податоци со кои се потврдува исполнетоста на мерката согласно со индикатор. | И | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.В.1.2** Золемување на стручниот кадар во надлежните институции за заштита и управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион. | МФ во соработка со МИОА, ЗЗСКМ-Охрид, ОО, ОС, ОД, ХБЗ, | НР | -Зголемен број на стручен кадар во надлежните институции за заштита и управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион.<br>-Застапеност на сите профили на кадри релевантни за остварување на сите аспекти на заштита на културното наследство на Охридскиот регион.<br>-Нивна континуирана стручна едукација. | И | РСМ |
| **1.В.2** | Јакнење на капацитетите на институциите за заштита на природното и културното наследство. | 3.I (2020). | **1.В.2.1** Подигање на нивото на стручност на вработените во сите надлежни институции во доменот на заштитата и управувањето со природното и културното наследство на Охридскиот регион и општините преку спроведување и учество на обуки, стручни специјализации, доедукација и т.н. | **РСМ:** ЗЗСКМ-Охрид, УЗКН, МК, МЖСПП, ЈУНПГ, ХБЗ, Музеј-Струга, ДИЖС, ОО, ОС, ОД,<br>**АЛ:** МТЗЖС, НИКН, МЕКИ, РДКН, ОП, НАПА, РАПА, АНА | ВР | -Зголемена стручност на вработените во надлежните институции во доменот на заштитата и управувањето со природното и културното наследство на Охридскиот регион.<br>-Доследна примена на Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион од стручните лица во надлежните установи и од надлежните инспекторати.<br>-Зајакнати капацитетите на секторите во МЖСПП кои се надлежни за давање на мислења по изработена СОВЖС, ОВЖС и Елаборати за заштита на животна средина и во општините за Елаборати за заштита на животна средина.<br>-Мислењата по СОВЖС, ОВЖС и Елаборатите за заштита на животна средина се темелат на проценка на квалитетот и научна аргументираност на содржината. | СР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.В.2.2** Едукација и доусовршување на стручните лица со фокус на изработка на ОВН согласно најновата методологија на УНЕСКО. | **РСМ:** МК, УЗКН, ЗЗСКМ-Охрид, НВО,<br><br>**АЛ:** МТЗЖС, НИКН, МЕКИ, РДКН, ОП, НАПА, РАПА НВО, АНА | НР | -Обучени стручни лица за изработка на ОВН согласно најновата методологија на УНЕСКО. | СР | РСМ-АЛ |
| **1.В.3** | Зајакнување на капацитетите на инспекциските служби на локално и национално ниво. | 3.I (2020). | **1.В.3.1** Спроведување на обуки за стручните лица во надлежните инспекторати и инспекциски служби. | **РСМ:**МК, МЖСПП, УЗКН, ДИЖС, Надлежни инспекциски служби,<br><br>**АЛ**: МТЗЖС, НИКН, МЕКИ, РДКН, ОП, НАПА, РАПА, | НР | -Спроведени и реализирани обуки и зајакнати капацитети на инспекциските служби. | СР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.B.3.2** Зајакнување на материјално-финансиските капацитети и капацитетите на стручниот кадар на инспекциските служби. | Надлежни инспекциски служби, | НР | -Подобрени услови за работа и зголемен број на стручни инспектори во надлежните инспекциски служби.<br>-Број на извршени инспекциски надзори / број на пријави за потреба од инспекциски надзор.<br>-Број на изречени прекршочни мерки и број на поднесени кривични пријави.<br>-Број на процесуирани судски постапки (поднесени обвинителни акти). | СР | РСМ |
| **1.B.4** | Јакнење на финансиските ресурси за заштита на природното и културното наследство во Охридскиот регион. | 3.I (2020). | **1.B.4.1** Обезбедување на финансиски средства од алтернативни извори за финансирање на заштитата на природното и културното наследство во Охридскиот регион. | **РСМ**:МЖСПП, МК, ОО, ОС, ОД, Надлежни институции, Фондови,<br><br>**АЛ:** МТЗЖС, МЕКИ, ОП, | ВР | -Обезбедени финансии од меѓународни и/или национални фондови или алтернативни извори. | ДР/К | РСМ-АЛ |
| | | | **1.B.4.2** Обезбедување финансиски средства за сѐопфатни биолошки истражувања во Охридско Езеро, како и за набавка на соодветна опрема.<br><br>*(*поврзување со активност и 1.A.4.1 и 1.A.4.2)* | **РСМ:** МЖСПП, Субјект кој ќе управува со Споменикот на природата Охридско Езеро, **АЛ:** МТЗЖС | НР | -Обезбедени финансии од меѓународни и/или национални фондови или алтернативни извори. | КР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.В.5** | Зголемување на учеството на локалните заедници во управувањето, зачувувањето и следењето на состојбата на доброто. | 11 (2017);<br>3.l, 8.a, 8.b, (2020). | **1.В.5.1** Активна соработка меѓу институциите и граѓанското општество во врска со управувањето и спроведувањето на препораките од Комитетот за светско наследство. | МЖСПП,<br>МК,<br>УЗКН,<br>ОО,<br>ОС,<br>ОД,<br>Надлежни институции,<br>НВО, | ВР | -Број на коментари добиени во процесите на јавни консултации.<br>-Број на присутни граѓани на јавните расправи.<br>-Број на пријави од граѓаните до инспекторите.<br>-Број на покани испратени до групи/организации на граѓанското општество и нивно активно присуство на настани.<br>-Број на остварени заеднички активности.<br>-Партиципативен пристап во изработка на документи за Охридскиот регион.<br>-Воспоставена постапка за отчетност со кој ќе се овозможи граѓанските организации да го следат текот на постапката по поднесена преставка или иницијатива за вршење на надзор. | КР | РСМ-АЛ |
| | | | | | | -Ефективна вклученост на граѓанското општество во процесите на јавни консултации за прашања од важност за Охридскиот регион поткрепена со извештаи за спроведени процеси за јавни консултации во кои се елаборирани начинот на разгледување и земање предвид на коментарите, предлозите и забелешките пристигнати во процесот. | К | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.В.5.2** Воспоставен механизам за размена на информации за управувањето, зачувувањето и следењето на состојбата на Светското наследство, како и за имплементација на стратегиските цели содржани во актите за Охридскиот регион. | Генерален секретаријат на Владата, | ВР | -Воспоставена алатка за размена на информации и унапредена транспарентност.<br>-Воспоставена практика на отчетност и одговорност.<br>-Редовно објавување на информации поврзани со природното и културно наследство на Охридскиот регион. | КР | РСМ-АЛ |
| | | | **1.В.5.3** Поддршка на волонтерско и граѓанско делување во доменот на заштитата и одржливото користење на природното и културното наследство. | **РСМ:**МЖСПП, МК, ЕЛС, Надлежни институции, НВО,<br><br>**АЛ:** МТЗЖС, МЕКИ, Надлежни институции, НВО, | НР | -Зголемена вклученост на граѓанските иницијативи и здруженија во заштитата и одржливото користење на природното и културното наследство.<br>-Отвореност на институциите и давање на стручна помош на граѓаните во нивните заложби за пријавување на активности со кои негативно се влијае врз ИУВ на доброто.<br>-Воспоставена постапка во која граѓаните ќе можат да ги остварат овие права.<br>-Број на поднесени претставки, иницијативи и друг вид на известувања од граѓани за спречување на активности со кои негативно се влијае врз ИУВ на доброто или за преземање на дејствија кои се во насока на зачувување на интегритетот и автентичноста на доброто.<br>-Подигната свест за значењето на природното и културното наследство на Охридскиот регион. | ДР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.В.5.4** Спроведување на тематски кампањи за подигање на свеста на граѓаните за значењето на природното и културното наследство на Охридскиот регион. | **РСМ:**МЖСПП, МК, УЗКН, НВО, ОО, ОС, ОД,<br><br>**АЛ:** МТЗЖС, НИКН, МЕКИ, РДКН, ОП, НАПА, РАПА | ВР | -Број на спроведени кампањи.<br>-Број на акции спроведени од граѓани со цел подобрување на состојбата со природното и културното наследство.<br>-Намалени количини на несоодветно одложен отпад.<br>-Зголемена понуда за одржливи форми на туризам.<br>-Зголемен број на посетители на одредени локалитети и нивна промоција.<br>-Намален вандализам.<br>-Директни пребарувања на клучни зборови на Google Analytics, Google Trends, AdWords Keyword Planner.<br>-Подигната свест за значењето на природното и културното наследство на Охридскиот регион. | ДР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.В.5.5** Континуирано едуцирање на локалните власти за значењето на природното и културното наследство, неговото одрживо користење и управување, во насока на остварување придобивки за локалната заедница. | **РСМ:**МЖСПП, МК, Надлежни институции, ОО, ОС, ОД,<br><br>**АЛ:** МТЗЖС, НИКН, МЕКИ, РДКН, ОП, НАПА, РАПА | ВР | -Пораст на локална економија.<br>-Диверзификација на туристички понуди во насока на одржлив туризам.<br>-Зголемен број на корисници на алтернативен туризам.<br>-Број на апликации до фондови.<br>-Создавање и одржување на зелени работни места, бизниси и услуги во локалните заедници.<br>-Користење на Европскиот систем на индикатори за туризам за одржливо управување на ниво на дестинација.<br>-Степен на почитување и интегрираност на стандардите и режимите за заштитита на природното и културното наследство во постапките за просторно и урбанистичко планирање.<br>-Степен на примена на конзерваторските одобренија во постапките за издавање на одобренијата за градење.<br>-Зголемена свест за потребата и придобивките од одржливо користење и управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион за локалната заедница. | ДР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.В.6** | Развивање на програми за еколошка свест и за значењето на природното и културното наследство кај младата популација и посетителите на регионот. | 8.b, (2020). | **1.В.6.1** Развивање посебни програми и активности за едукација во формалното и неформалното образование. | **РСМ:**МОН и БРО во соработка со МЖСПП, МК, НВО,<br><br>**АЛ:** МТЗЖС, НИКН, МЕКИ, РДКН, ОП, НАПА, РАПА, НВО | ВР | -Анализа на потребите од неформално образование врз основа на донесена методологија.<br>-Донесена програма за едукација.<br>-Реализирани активности за едукација во формално и неформално образование. | ДР | РСМ-АЛ |
| | | | **1.В.6.2** Развивање на кампањи со цел зголемување на свеста за значењето на природното и културното наследство на Охридскиот регион за туристите и посетителите во Охридскиот регион. | **РСМ:**АППТ, НВО, ОО, ОС, ОД,<br><br>**АЛ:** МТЗЖС, НИКН, МЕКИ, РДКН, ОП, НАПА, РАПА, НВО | НР | -Број на развиени и имплементирани кампањи за зголемување на свеста за значењето на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион наменети за туристите и посетителите. | К | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.В.7** | Едукација и запознавање на засегнатите чинители и имателите на заштитени добра за спроведување на различните мерки за заштита на природното и културното наследство во рамките на Охридскиот регион. | 8.а, (2020). | **1.В.7.1** Изработка на упатство за чинителите / имателите на заштитени добра во Охридскиот регион со насоки за примена на мерките за заштита. | **РСМ:** УЗКН,<br><br>**АЛ:** НИКН, РДКН, НАПА, РАПА, | Р | -Изготвено упатство и едуцирани чинители и иматели на заштитени добра во Охридскиот регион за примена на мерките за заштита. | И | РСМ-АЛ |
| | | | **1.В.7.2** Спроведување на едукативни настани за чинителите / имателите на заштитени добра во Охридскиот регион во врска со нивните права и обврски во заштитата на природното и културното наследство. | **РСМ**:МК, МЖСПП, УЗКН, Граѓански сектор,<br><br>**АЛ:** МТЗЖС, НИКН, МЕКИ, РДКН, ОП, НАПА, РАПА, НВО, | НР | -Спроведени обуки / едукативни настани. | К | РСМ-АЛ |
| **1.В.8** | Зајакнување на човечките ресурси одговорни за управување со доброто. | 3.i (2020);<br>(43 COM 8B.9, 2019). | **1.В.8.1.** Да се зајакне капацитетот на РАПА и персоналот на РДКН посветен на Поградец. | МЕКИ, НИКН, РДКН, ОП, МТЗЖС, | ВР | -Број на обучен персонал. | СР | АЛ |
| | | | **1.В.8.2.** Зајакнување на дијалогот и соработката помеѓу посветениот персонал на РАПА и РДКН, и општинскиот технички персонал, вклучувајќи го и персоналот на Музејот. | РАПА, РДКН, ОП, МЕКИ, МТЗЖС, | ВР | -Број на заеднички активности / состаноци / иницијативи. | К | АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.В.9** | Зголемување на свеста за заштита на ИУВ на доброто. | 8.c (2020);<br>(43 COM 8B.9, 2019). | **1.В.9.1.** Постојано комуницирање на Додатокот за светско наследство кон Планот за управување на ЗПП со сите национални и локални институции и агенции и промовирање на целите и активностите на Додатокот меѓу локалните заедници преку летоци и состаноци. | ОП, РАПА, | ВР | -Број на заеднички активности и состаноци меѓу засегнатите страни и локалната заедница презентиран на официјалниот Фејсбук профил на општина Поградец: Bashkia Pogradec (Faqe Zyrtare). | К | АЛ |
| | | 8.b (2020). | **1.В.9.2.** Да се развијат програми за еколошка свест и едукација во тесна соработка со локалните граѓански групи, насочени особено кон децата и посетителите во текот на летната сезона. | ОП, РАПА, РДКН, | ВР | -Број на организирани еколошки часови.<br>-Број на организирани едукативни активности.<br>-Презентиран број на заеднички активности и состаноци меѓу засегнатите страни и локалната заедница на официјалниот Фејсбук профил на општина Поградец Bashkia Pogradec (Faqe Zyrtare). | К | АЛ |
| **I.Г** | **Стратегиска цел: Прекугранична соработка** | | | | | | | |
| **1.Г.1** | Зајакнување на прекуграничната заштита на Охридското Езеро. | 12 и 17 (2017);<br>3.j, 7.c, 7.g (2020). | **1.Г.1.1** Усогласување на категорија на заштита на Охридското Езеро во прекуграничен контест (МК: IUCN II; АЛ: IUCN V) и режимите на заштита на езерото | **РСМ**: МЖСПП,<br>**АЛ**: МТЗЖС, | ВР | -Усогласена категорија на заштита и усогласени режими во прекуграничен контекст. | КР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1.Г.1.2** Воспоставување на долгорочна прекугранична соработка за следење на квантитативни и квалитатативни (физичко-хемиски и биолошки) параметри на водите во сливот на Охридско Езеро, согласно планските документи. Донесување на Протокол за соработка во кои ќе се дефинираат постапките и начинот на донесување на одлуки и преземање на мерки од двете страни. Дел од рамката за преговоови да биде и Преспанското Езеро и взаемната заштитата на одредени живеалишта кои се релевантни за двете страни. | **РСМ**: МЖСПП, УХМР<br><br>**АЛ**: МТЗЖС,, | ВР | -Воспоставен прекуграничен мониторинг систем за следење и размена на податоци согласно ПУ со споменикот на природата Охридско Езеро со повеќегодишна мониторинг програма на македонска и албанска страна, со параметри.<br>- Сондирање на дното на Охридско и Преспанско Езеро во период од 6 години<br>-Подготвен годишен Извештај за спроведување на прекуграничната мониторинг програма. | СР | РСМ-АЛ |
| | | | | | | -Редовно објавени и јавно достапни податоци од прекуграничниот мониторинг. | К | |
| | | | **1.Г.1.3**. Операционализација на спогодбата помеѓу Р. Северна Македонија и Р. Албанија за зедничко управување со риболовот. | **РСМ**: ХБЗ, МЗШВ,<br>**АЛ**: Надлежни институции, | ВР | -Воспоставен Комитет согласно Спогодбата.<br>- Хармонизација на законската регулатива за заштита и управување со рибниот фонд од Охридското Езеро.<br>-Одредена минимално дозволената големина за лов на приоритетни видови риби и на големината и димензиите на риболовниот алат.<br>-Воспоставени заеднички риболовни квоти во Охридското Езеро. | СР | РСМ-АЛ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.Г.2** | Прекугранично управување на водите во сливот. | 12 (2017); | **1.Г.2.1** Ажурирање на Договорот со Р. Албанија за заштита и одржлив развој на Охридското Езеро и неговиот слив. | **РСМ**: МЖСПП, МНР, **АЛ**: Министерство за Европа и надворешни работи, | НР | -Ревидирање на договорот со Р. Албанија за испуштање на одредена количина вода за нејзините енергетски потреби. -Одредување на квоти за испуштање на вода во сливот на Црн Дрим до 2024 година. -Следење на нивото на водата на езерото од УХМР и контролирање од страна на ЕЛЕМ за да се спречат флуктуации на нивото и со тоа влијанија на живиот свет. | КР | РСМ-АЛ |
| **1.Г.3** | Подобрување на прекуграничната соработка помеѓу сродните институции одговорни за природното и културното наследство. | (43 COM 8B.9, 2019); | **1.Г.3.1**. Договор за соработка меѓу министерствата и специјализираните институции | **РСМ** и **АЛ**: Сите инволвирани институции (национални и локални), | ВР | -Покриеност на секторските политики од заеднички интерес со меѓународни договори. | К | АЛ-РСМ |
| | | | **1.Г.3.2**. Меѓуопштинска соработка. | **РСМ**: ОО, ОС, ОД, **АЛ**: ОП, | ВР | -Договори за збратимување на градови. | К | АЛ-РСМ |
| | | | **1.Г.3.3.** Соработка во заеднички проекти и иницијативи. | **РСМ** и **АЛ**: Сите инволвирани институции (национални и локални), | ВР | -Број на реализирани проекти/иницијативи. | К | АЛ-РСМ |
| | | | **1.Г.3.4.** Прекугранична, меѓуопштинска соработка. | **РСМ**: ОО, ОС, ОД, **АЛ**: ОП, | ВР | -1 (еден) завршен прекуграничен проект ИПА II (Грција-Албанија) 2014-2020 година и 2 (два) во тек, прекугранични програми за туризам и природно и културно наследство (РСМ-АЛ), ИПА II, 2018-2020 година. | СР | АЛ-РСМ |
| **II** | **Стратегиска цел: Контролирано просторно и урбанистичко планирање и одржлив развој** | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.1** | Измена / донесување на урбанистичка планска регулатива за Студенчишко Блато во согласност со неговото прогласување за заштитено подрачје како и одлуки кои директно влијаат на неговата заштита, ревитализација и управување. | 6, 7 и 9 (2017);<br>1.a, 2.h, 2.i, 2.j, 4.a, 4.b, 4.c (2020). | **2.1.1** Прекин на примена на сите акти и плански инструменти со кои се дозволува каква било форма на развој, вклучително и зони за одмор и рекреација во УЗ 17, УБ 17.1 - Студенчишко Блато.<br><br>*(*поврзување со активности 1.А.1.3 и 2.1.2)* | ОО, | НР | -Донесена Одлука за прекин на примената на сите постојни акти и плански инструменти со кои се дозволува каква било форма на урбанизација, инфраструктурно уредување, вклучително и зони за одмор и рекреација во Студенчишко Блато, до донесување на План за управување со Парк на природа Студенчишко блато, План за управување со споменикот на природата Охридско Езеро и Урбанистички План од државно значење за крајбрежјето на | И | РСМ |
| | | | **2.1.2** Ревизија на ГУП за Охрид во однос на УЗ 17 и мерките за заштита, а во согласност со препораките на РММ 2020, Рамсарскиот локалитет Охридско езеро, ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, Студијата за валоризација на Студенчишко блато, Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро и со Урбанистичкиот план од државно значење за крајбрежјето на Охридското Езеро. | ОО, | НР | -Ревидиран ГУП за Охрид во однос на УЗ 17 и мерките за заштита а во согласност со препораките на РММ 2020, Рамсарскиот локалитет Охридско езеро, ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, Студијата за валоризација на Студенчишко блато, Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро и со Урбанистичкиот план од државно значење за крајбрежјето на Охридското Езеро. | И | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2.1.3** Донесување на одлука за забрана на изградба на трајни или времени објекти на плажите и на шеталиштето покрај Студенчишко Блато, како и забрана за капење, пловење, сидрење и пристанување на пловни објекти согласно зонирањето во Плановите за управување со Споменик на природа Охридско Езеро и Парк на Природа Студенчишко Блато. | ОО во соработка со Иден Управител со споменик на природа Охридско Езеро и Студенчишко блато, | НР | -Донесена Одлука за забрана на изградба на трајни или времени објекти на плажите и на шеталиштето покрај Студенчишко Блато (заштетен појас на строго заштитена зона на Споменикот на природата Охридско Езеро).<br>-Отстранети сите сезонски туристички објекти и нивно преместување на крајбрежни локации кои се помалку осетливи.<br>-Донесена Одлука за забрана за капење, пловење, сидрење и пристанување на пловила покрај Студенчишко Блато. | И | РСМ |
| **2.2** | Ажурирање на одлуките за спроведување на урбанистичките плански документации на општините Охрид, Струга и Дебарца сè до нивна целосна усогласеност со ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион. | 6 (2017);<br>(43 COM 7B.36, 2019);<br>1.g (2020);<br>(44 COM 7B.77, 2021). | **2.2.1** Редовно ажурирање на одлуките за спроведување на урбанистичките плански документации во општините Охрид, Струга и Дебарца се до усогласување на урбанистичките плански документации со ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион. | ОО,<br>ОС,<br>ОД, | ВР | -Ажурирани одлуки сè до целосно усогласување на урбанистичките плански документации со ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион. | И | РСМ |
| | | | **2.2.2** Ревизија на издадените одобренија за градење кои не се во согласност со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион. | ОО,<br>ОС,<br>ОД, | НР | -Број на ревидирани издадени одобренија за градење кои не се во согласност со ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.<br>-Поништување на нереализирани издадени одобренија за градење кои не се во согласност со ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион. | КР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.3** | Забрзување на процесот за целосно отстранување на бесправно изградените објекти на територија на заштитениот регион за кои ќе се процени дека имаат негативно влијание врз ИУВ на Светското наследство. | 9 (2017); (43 COM 7B.36, 2019); 2.c, 2.d (2020); 6 (2020). | **2.3.1** Изготвување ажуриран инвентар на бесправно изградени објекти и ажурирана мапа со нивно класифицирање (бесправно изградени објекти, отстранети бесправно изградени објекти и објекти за кои е предложено уривање). | ОО, ОС, ОД, МТВ во соработка со, УЗКН, МЖСПП, | НР | -Изготвен инвентар и мапа на бесправно изградени објекти во Охридскиот регион, со податоци за тоа дали за истите е поднесено барање за легализација, видот на актот донесен по поднесеното барање и нивно објавување на веб-страницата на МТВ.<br>--Навремено спречени активности за изградба на бесправни објекти.<br>-Стопирани постапки за издавање на нови одобренија за легализација на бесправно изградени објекти додека не се спроведе стратегиска оценка за нивното влијание врз ИУВ на светското наследство. | И | РСМ |
| | | | | | | -Континуирано ажуриран инвентар и мапа со детални податоци од аспект на објектите кои се отстранети, објектите кои се легализирани и објектите кои во меѓувреме се подигнати. | К | |
| | | | **2.3.2** Подготовка на акциски план со утврдени приоритети и временски рамки за отстранување на бесправни градби кои имаат негативно влијание врз ИУВ на Светското наследство. | ОО, ОС, ОД, МТВ во соработка со, УЗКН, МЖСПП, | НР | -Изработен акциски план за отстранување на бесправни градби кои имаат негативно влијание врз ИУВ на Светското наследство. | И | РСМ |
| | | | **2.3.3** Дефинирање на упатство за оцена на влијание од бесправно изградени објекти врз ИУВ на Светското наследство. | Комисија за управување, МЖСПП, МК, | НР | -Изработено упатство за оцена на влијание од бесправно изградени објекти врз ИУВ на Светското наследство. | И | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2.3.4** Спроведување на постапка за Оцена на влијанијата на бесправно изградените објекти врз културното и природното наследство во Охридскиот регион. | УЗКН, МЖСПП, | НР | -Донесен нов закон за легализација на бесправно изградени објекти, со кој ќе се изврши зонирање на заштитеното подрачје на Охридскиот регион со зони во кои ќе се забрани легализација на бесправно изградени објекти и зони каде постапката за легализација ќе се врши по спроведена постапка за Оцена на влијанијата на бесправно изградените објекти врз културното и природното наследство во Охридскиот регион. | И | РСМ |
| | | | | | | -Спроведена постапка за Оцена на влијанијата на бесправно изградените објекти врз културното и природното наследство во Охридскиот регион. | К | |
| | | | **2.3.5** Етапно отстранување на бесправно изградените објекти (вклучително и доградби, надградби, несоодветни инсталации...) во заштитените зони за кои е издадено правосилно решение за отстранување од страна на надлежен орган. | ОО, ОС, ОД, МТВ, | ВР | -Број на отстранети бесправно изградени објекти / процент на отстранети од евидентираните бесправно изградени објекти.<br>-Вратени објектите од културното наследство (поединечно заштитени и амбиентални објекти) и јавните простори во старото јадро на Охрид и Струга во првобитна состојба.<br>-Вратено природното наследство во првобитна состојба по демонтажа и отстранување на бесправно изградените трајни објекти, времени објекти, урбана опрема, парапетни ѕидови и сл. | И | РСМ |
| | | | | | | -Објавени и редовно ажурирани податоци за отстранети објекти на веб страната на МТВ. | К | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.4** | Усогласување на сите просторни и развојни планови во Охридскиот регион со целите за зачувување на ИУВ на Светското наследство. | 6 (2017); (43 COM 7B.36, 2019); 1.g, 4 (2020); (44 COM 7B.77, 2021). | **2.4.1** Изработка и донесување на Просторен план за Југозападен плански регион во насока на зачувување на ИУВ на Светското наследство. | МТВ во соработка со МК, МЖСПП, АПП, | НР | -Изработен и донесен Просторен план за Југозападен плански регион. | КР | РСМ |
| | | | **2.4.2** Изработка и донесување на Просторен план за подрачје од посебно значење за регионот - Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион, вклучувајќи го и просторот на контактната зона, со забрана за трансформација на неградежното земјиште во градежно и забрана за крајбрежна урбанизација во рамки на Рамсарскиот локалитет Охридско езеро, со цел заштита на ИУВ и карактеристичните својства на културниот предел. | МТВ во соработка со АПП, МЖСПП, МК, | НР | -Изработен и донесен Просторен план за подрачје од посебно значење - Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион, вклучувајќи го и просторот на контактната зона, со јасно дефинирана забрана за трансформација на неградежно земјиште во градежно и забрана за крајбрежна урбанизација во рамки на Рамсарскиот локалитет Охридско езеро, со цел заштита на ИУВ и карактеристичните својства на културниот предел. | КР | РСМ |
| | | | **2.4.3** Изработка и донесување на Просторен План за општините кои се во границите на светското наследство и неговата контактна зона. | МТВ во соработка со АПП, Единици на локалната самоуправа, | НР | -Изработен и донесен Просторен план за општините кои се во границите на светското наследство и неговата контактна зона. -Вклучување на климатските промени во процесот на создавање просторни планови. | ДР | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2.5** | Усогласување на урбанистичко-планската документација во согласност со препораките на РММ 2020, заштитните зони и мерките за заштита од ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, Студијата за валоризација на Студенчишко блато, Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро, со Урбанистичкиот план од државно значење за крајбрежјето на Охридското Езеро и Рамсарското досие Охридско Езеро во насока на зачувување на ИУВ на Светското наследство и неговите атрибути. | 7 (2017);<br>4.c (2020); | **2.5.1** Забрана за било каква урбанизација во рамки на Рамсарскиот локалитет Охридско Езеро.<br><br>*(*поврзување со активност 2.6.3)* | МТВ во соработка со ОО, ОС, ОД, | НР | -Донесена Одлука за неспроведување на донесена урбанистичко-планска и проектна документација и прекин односно незапочнување на постапки за носење на урбанистичко-планска и проектна документацијакоја за подрачјето опфатено во границите на Рамсарскиот локалитет Охридско езеро сè до донесување на УП за крајбрежјето на Охридско езеро, како план од државно значење и Просторен план за регионот-Светско природно и културно наследство на Охридскиот регион како подрачје од посебно значење. | И | РСМ |
| | | | **2.5.2** Изработка на нови ГУП-ови за градовите Охрид и Струга во согласност со препораките на РММ 2020, Рамсарското досие Охридско Езеро, заштитните зони и мерките за заштита од ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, Студијата за валоризација на Студенчишко блато, Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро и со Урбанистичкиот план од државно значење за крајбрежјето на Охридското Езеро, во насока на зачувување на ИУВ на Светското наследство и неговите атрибути. | ОО, ОС, | ВР | -Усогласена урбанистичко-планска документација со препораките на РММ 2020, Рамсарското досие Охридско Езеро, заштитните зони и мерките за заштита од ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, Студијата за валоризација на Студенчишко блато, Студијата за ревалоризација на Охридското Езеро и со Урбанистичкиот план од државно значење за крајбрежјето на Охридското Езеро во насока на зачувување на ИУВ на Светското наследство и неговите атрибути. | И | РСМ |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **2.5.3** Донесување на нови или измена и дополна на постоечки ДУП-ови во рамките на ГУП за Струга и Охрид заради усогласување со заштитните зони и мерките за заштита од ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион во насока на зачувување на ИУВ на Светското наследство и неговите атрибути. | ОО,<br>ОС, | ВР | -Број на донесени нови или изменети и дополнети постоечки ДУП-ови во рамките на ГУП за Струга и Охрид заради усогласување со заштитните зони и мерките за заштита од ПУ со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион во насока на зачувување на ИУВ на Светското наследство и неговите атрибути. | И | РСМ |
